# ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
# ,,НАУМ ОХРИДСКИ,,
# С. БУЛАЧАНИ - СКОПЈЕ

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА
# 2024 / 2025 ГОДИНА







## *ООУ,,НАУМ ОХРИДСКИ,, с. БУЛАЧАНИ - СКОПЈЕ*
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**С.Булачани,Скопје 1000МК**
**Тел: 02 2575 946**
**e-mail: nohridski@yahoo.com**
**web: naumohridski.edu.mk**

# Г О Д И Ш Е Н И З В Е Ш Т А Ј
## *ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА 2024 / 2025 ГОДИНА*

*Јуни, 2025 ГОДИНА*
СКОПЈЕ

# С О Д Р Ж И Н А

В О В Е Д Е Н   Д Е Л ……………………………………………………………………..…...4
Н А С Т А В А ……………………………………………………………………..........8
Годишен извештај за реализација на програмата
„Интеграција на еколошката едукација во училишниот систем во Р.
Македонија“ за учебната 2024/2025 година …………………………..........…...............12
Извештај од реализација на активнисти од проектот за …………………………………..14
Меѓуетничка интеграција во образованието за учебната 2024/2025
Годишен извештај - Антикорупциска едукација на учениците основните училишта 2024/2025 година …....................................................................……………….............16
„Училишни градини“ за крај од учебната 2024/2025.......................................................17
Намалување на насилството – како да се сменат нештата,,………………………........18
Заедничка грижа за правилно насочување на учениците ……………………...............19
Проект Унапредување на менталното здравје на учениците........................................20
Извештај за спроведени работилници и активности со психолог за
Денот на менталното здравје.............................................................................................27
Проект „ Безбедна сајбер зона“ .........................................................................................28
Извештај за спроведен проект “Негативни последици од Тик Ток предизвици”............30
Извештај за Дирекција за заштита и спасување.......……………………….....................32
Годишен извештај од советување на ученици.................................................................36
ВОН – НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ ………………………………………………………. ..37
ИЗВЕШТАЈ за спроведени активности од Детска организација……………..............66
ИЗВЕШТАЈ од ПЦК…………………………………………………………………………67
Годишен извештај за работа на ученичкиот парламент……………………….............68
Активности за грижа на училиштето за здравјето на учениците……………..………70
Професионален развој на образовниот кадар……………………………………. …….73
Работа на стручните органи и тела……………………………………………...... ……75
С Т Р У Ч Н И   А К Т И В И……………………………………………………………….. 76
Извештај за работата на психологот…………………………………………………...82
Извештај за работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор……………..............89
Извештај за работа на училишен инклузивен тим…………………………………............91
Извештај за работата на педагогот ………………………………………………….… 95
Годишен извештај за работа на Училишна библиотека медијатека..........................98
Преглед на работата на директорот ..........................................................................102
Активности на Училишниот одбор ..................................................................................106
Активности на Советот на родители ..............................................................................112
Активности на наставнички совет.....................................................................................116
Заклучоци и согледувања на состојбите и унапредување на дејноста........................122
Комисија за изработка на Годишниот извештај ..........................................................123

# В О В Е Д Е Н   Д Е Л

Извештајот за работа на училиштето на крајот од учебната 2024/2025 година е изработен врз основа на реализираните активности планирани со Годишната програма за работа на училиштето, усвоена на седницата на Училишниот одбор на ден 22.07.2024 година.

Изготвувањето на овој извештај има нормативна основа која е предвидена со Законот за основно образование, Законот за локална самоуправа, како и Статутот на училиштето. Меѓутоа, неговото изготвување е потреба на училиштето што ќе се користи во понатамошната работа. Извештајот претставува документ што ги содржи сите важни информации за оценка на работата на училиштето и реализацијата на Годишната програма за работа во учебната 2024/25 година. Тој во суштина писмено ја изразува ангажираноста на училиштето (директорот, стручните соработници и наставниците) во остварувањето на дејноста на училиштето. Имајќи ги предвид реформските промени, подигањето на стандардите, планираните подрачја и приоритетни активности предвидени со Годишната програма за работа, значајните настани, обезбедувањето транспарентност во реализација на планираните активности, како и желбата да се унапреди воспитно - образовниот процес, се потрудивме овој извештај да биде подетален, т.е. да содржи повеќе синтетизирани информации. За голем дел од информациите на овој извештај училиштето располага со аналитички прилози (списоци на ученици, списоци на активности, фотокопии од дипломи, видео записи, линкови за публикувани прилози, извештаи и сл.). Информациите во извештајот се методолошки и хронолошки подредени според подрачјата предвидени во Годишната програма за работа на училиштето и главно се однесуваат на следните процеси: просторни и други услови на работа, реализација на наставни планови и програми, постигања на учениците во сите наставни и воннаставни области, соработка со родителите и локалната средина, соработка со други институции, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар, Државниот просветен инспекторат, Невладини организации, реализација на интерни и екстерни проекти и др. Се надеваме дека овој извештај ќе даде одговор на следното прашање:

## Во која мера се реализирани целите од Годишната програма за работа на училиштето и какви ефекти се постигнати?

Во извештајот квантитативно и квалитативно се претставени ангажирањата на наставниците и стручните соработници во рамките на нивната 40 - часовна работна седмица и токму поради тоа тој содржи факти и информации од аспект на:

- Ангажирање на наставниците во реализацијата на наставата. Реализација на воннаставни активности, натпревари, слободни ученички активности, екскурзии, излети, посети и друго.
- Реализацијата на други посебни програми од воспитно – образовниот процес: Грижа за здравјето на учениците, Заштита на животната средина, Општествено - корисна и хуманитарна работа.
- Ангажирање на наставниот кадар при реализација на програмите на ученичките организации: Одделенска заедница, Детска организација, Училишна заедница, Училишен парламент, Училишен клуб на Црвен Крст, ученички клубови, спортски клуб и друго.
- Ангажирање на наставниците и стручните соработници во работата на училишни тимови и стручните органи: одделенско раководство, Одделенски совети, Стручни активи, Наставнички совет.
- Реализација на програмите на Совет на родители и Училишен одбор.
- Стручно усовршување и професионален развој на наставниот кадар.
- Реализација на програмата за соработка со родителите.
- Соработка на училиштето со локалната средина, односно соработка со: локалната самоуправа, Министерство за образование и наука, БРО, ДПИ и ДИЦ, невладини организации, бизнис заедница, соработка со други училишта, здравствени институции, Меѓуопштински центар за социјална работа, Полициска станица Гази Баба, МВР и други институции и организации.
- Реализацијата на програмите за унапредување на наставата и оценувањето.
- Реализација на програмите на стручните соработници .

- Ангажирање на наставниците и стручните соработници во афирмација на училиштето и градење на неговиот имиџ.

Имајќи предвид дека секој наставник и стручните соработници се вклучени во определени тимови за реализација на програмските активности во соодветно подрачје на Годишната програма за работа на училиштето, логички следува дека и секој наставник / стручен соработник непосредно учествува со свои пишани прилози на овој извештај. Целта на овој извештај е да обезбедат јасни насоки за одговорно вклучување на сите училишни субјекти во креирањето на програмските определби за работа во текот следната учебна година.

## Услови за остварување на воспитно – образовната дејност во училиштето.

### Опис, локација и опременост на објектот

ООУ ,,Наум Охридски,, с. Булачани се наоѓа на падините на Скопска Црна Гора, Скопје. Во својот состав има две подрачни училишта во с. Црешево каде наставата е организирана за учениците од прво до деветто одделение, и с. Раштак каде има две комбинирани паралелки и тоа прво и второ одделение и трето и четврто одделение.

За непречено отпочнување на учебната година, навремено беа извршени подготовки, со цел да се задоволат потребите за организација на наставата Во трите училишни објекти беа целосно реорганизирани во начинот на работа и функционирање согласно протоколите и куќниот ред во училиштето. Во училиштето во с. Булачани пуштена е во употреба училишната спортска сала и набавени се плакари, шкафчиња и биро за наставниците за во соблекувалните и наставничката канцеларија во училишната спортска сала, набавена е професионална машина за чистење на подови, клима уред за во канцеларијата на стручната служба. Набавени се 15 персонални компјутери, 5 проектори за во училиштата во с. Булачани и с. Црешево и 2 мултифунлционални принтери за потребите на наставата. Заменети се светлосни арматури со лед светла во училиштето во с. Булачани заради заштеда на електрична енергија и зголемување на светлината во училиштето. Поплочен е влезот на училишната спортска сала со павер елементи.

Обезбедена е донација на новогодишни пакетчиња за учениците од прво до шесто одделение. Поставен е камен темелник на училишна спортска сала во подрачното училиште во с. Црешево. Целосно молерисани се сите три училишни згради. Поставена е хидрантска мрежа во училиштето во с. Црешево. Набавени се ПП Апарати за сите три училишни згради. Извршени се обуки кај дел од вработените за ракување со ППР апарати и кај учениците од 9то одделение и обуки за Безбедност и заштита при работа. Направени се ППЗ елаборати за сите три училишни згради и План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, Проценка на загрозеност од природни несреќи и Правилник за заштита од пожари и експлозии за објектот на Училишната спортска сала во училиштето во с. Булачани и за истите е побарано Мислење од ПЗС Гази Баба. Проширено и поставено со вештачка трева игралиштето во училишниот двор во с. Црешево. Набавени се лектирни изданија, киниги и стручна литература за потребите на наставата.

Во сите три училишни објекти беа превземени активности околу санација и подобрување на материјалните услови за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес

## Кадровски услови

Кадарот во училиштето - заедно со подрачните училишта го сочинуваат:

- Директор - 1,
- Стручен соработник – психолог - 1,
- Стручен соработник – педагог – 1,
- Стручен соработник – специјален едукатор и рехабилитатор – 1
- Наставници во одделенска настава - 13
- Наставници во предметна настава - 21
- Административен персонал
  Секретар – 1
- Технички персонал
- Хаусмајстор – 1
- Градинар-1
- Хигиеничари - 5

Вкупно вработени лица – 46

## Организација на воспитно – образовната дејност

Оваа учебна година наставата започна на 02.09.2024 година по програма која е планирана за реализирање на настава со физичко присуство. Наставата со физичко присуство ја следат сите ученици од прво до деветто одделение. Согласно Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2024/2025 година наставниот час во нашето училиште трае 40 минути во наставата со физичко присуство.

Училиштето работи во две смени од кои првата почнува во 8,00 часот. Учениците од прво и второ одделение работат само прва смена согласно барањата по новата програма, додека учениците од трето до петто оделение се менуваат со учениците од шесто до деветто одделение на две смени на секои две  недели. Втората смена започнува од 13,00 часот и завршува до завршување на часовите. Подрачното училиште во с. Црешево работи во две смени од кои првата почнува во 07,45 часот за учениците. Учениците од прво до петто  одделение се менуваат со учениците од шесто до деветто одделение на две смени секои две недели. Втората смена започнува од 13,00 часот и завршува до завршување на часовите. Подрачното училиште во с. Раштак работи во една  смена со почеток од 8,00 часот до завршување на наставата.

# Н А С Т А В А

## Задолжителна настава

По сите наставни предмети од I – IX одделение се реализирани сите планирани содржини по предвидениот број часови и е извршено соодветно вреднување на знаењата на учениците од VII – IX одделение. Резултатите од вреднувањето на знаењата на учениците се прикажани во табеларните прегледи што се составен дел на овој извештај.

## Изборна настава

Изборната настава е застапена по предметите:

**Проекти од музичка уметност** за учениците од **VIII-а** одделение,

**Проекти од ликовна уметност** за учениците од **VIII-б** одделение,

**Изборен спорт** за учениците од **IX-а** одделение.

**Вештини на живеење** за учениците од **IX-б** одделение.

Планираните содржини по изборните предмети се реализирани согласно наставниот план и програма, а знаењата на учениците се вреднувани.

Согласно наставниот план и програма за оваа учебна година, сите наставници се изјаснија дека предвидениот материјал за првото полугодие од учебната оваа година е реализиран.

## Слободни изборни предмети

Согласно новата концепција за основно образование во учебната 2024/2025 година се изучуваа следните изборни предмети:

**ООУ,, Наум Охридски,, с. Булачани**

**Прво полугодие**

Фигури од хартија (оригами, хартиени украси и др.) - 4 одд. - Б
Образование за животни вештини - 5 одд. - Б
Етика во религиите - 6 одд.- Б
Танци и народни ора - 7 одд Б

**Второ полугодие**

Образование за животни вештини – 4 одд. -Б
Ликовно образование -Цртање, сликање и вајарство - 5 одд. -Б
Образование за животни вештини – 6 одд. –Б
Медиумска писменост – 7 одд Б

**ПООУ,, Наум Охридски,, с. Црешево**

**Прво полугодие**

Фигури од хартија (оригами, хартиени украси и др.) - 4 одд. - Ц
Образование за животни вештини - 5 одд. - Ц
Образование за животни вештини -6 одд. – Ц
Танци и народни ора - 7 одд -Ц

**Второ полугодие**

Образование за животни вештини – 4 одд. -Ц

Ликовно образование -Цртање, сликање и вајарство - 5 одд. - Ц
Етика во религии – 6 одд. – Ц
Танци и народни ора - 7 одд – Ц

**ПООУ,, Наум Охридски,, Раштак**

**Прво полугодие**
Фигури од хартија (оригами, хартиени украси и др.) – 4 одд. - Р
**Второ полугодие**
Образование за животни вештини – 4 одд. – Р

## Дополнителна настава

Дополнителната настава има задолжителен карактер и се организира за учениците кои имаат повремени потешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на знаењата и развивањето на способности по одредени наставни предмети. Диференцираниот пристап овозможува овие ученици да го совладаат она што го пропуштиле на што ќе се надградуваат идните знаења и умеења што ќе ги добијат во наставниот процес. За организирање на дополнителната настава неопходно е целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и правилна проценка за неговите развојни и особености и потреби, постигнувања, заостанувања и др. Стручната служба активно учествува во реализацијата на дополнителната настава со цел да се детектираат причините за послабиот успех кај секој ученик поединечна, од што произлегуваат најсоодветни постапки за корекција на послабиот успех како негативност. Дополнителната настава се реализира согласно Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2024/2025 година.

## Додатна настава

Додатната настава се организира за учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат повисоки резултати од останатите ученици и освен тоа пројавуваат и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Наставникот им нуди однапред подготвена програма за додатна настава на учениците, како соодветно проширување на редовната наставна програма која ја реализираат. Дополнителната настава се реализира согласно Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2024/2025 година.

Оваа учебна година **продолжениот** престој во подрачното училиште во с. Црешево се реализира со вкупно 20 ученици.

## Бројна состојба на учениците

Оваа учебна година во училиштето се опфатени вкупно 353 ученика распределени во 20 паралелки. Во училиштето во с. Булачани има 160 ученици, во ПООУ с. Црешево има 179 ученици и во ПООУ с. Раштак 14 ученици.

## Редовност на учениците

На крајот на учебната година од вкупно 353 ученици со примерно поведение се сите ученици, со добро и со незадоволително поведение нема ниту еден ученик. Во овој период евидентирани се 3511 изостаноци, од кои 3453 се оправдани изостаноци и 58 неоправдани изостаноци.. Оправданото отсуство се однесува на учениците кои беа болни од вирози, настинки и сл

## Успех на учениците

Од вкупно **253** ученика од IV – IX одделение

| **успех** | **број на ученици** |
|---|---|
| одличен | **157** |
| многу добар | **68** |
| добар | **27** |
| доволен | **1** |
| вкупно | **253** |
| **Среден успех од IV – IX одделение е 4,43** | |

Во табелите се прикажани статистичките податоци за успехот на учениците.

## Проекти на кои се работи во училиштето

- Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем,
- Меѓуетничка интеграција во образовниот систем.
- Намалување на насилството во училиштата – како да се сменат нештата
- Заедничка грижа за правилно насочување на учениците
- Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта
- „Училишни градини – училница од иднината“
- Градиме заедничка иднина – Проект на МИО во Општина Гази Баба.
-Унапредување на ментално здравје

## Годишен извештај за реализација на програмата „ Интеграција на еколошката едукација во училишниот систем во Р. Македониіа“ за учебната 2024/2025 година

Во училиштето редовно се реализираат седумте чекори од програмата „Интеграција на еколошката едукација во училишниот систем во Р. Македонија“

- Има формирано ЕКО- одбор
- Има направено анализа на животната средина
- Изработен е План на активности
- Во редовната настава се вметнати содржини од Поврзување со наставната програма

ЕКО- одборот има членови од наставниците, технички персонал, ученици, локалната самоуправа и претставници од Совет на родители. Одборот одржува редовни состаноци еднаш месечно, на кои се дискутира за реализацијата на програмата, се даваат предлози и и се одредуваат селдните активности.

Планот на активности опфаќа активности кои произлегуваат од Анализа на животната средина, за секоја активност има назначено одговорно лице за следење на реализација и има формирано еко- патроли од редовите на учениците.

Завршени активности од Планот на активности во учебната 2024/25 година:

| Еко-стандард | Точки на акција | Начин на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **Вода** | **Поставување на хидрантска мрежа во подрачното училиште** | Фирма-изведувач | Мај/јуни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **во с.Црешево** | | |
| **Уреден и еколошки двор** | Поставување на заштитна ограда и обезбедување на безбеден простор за престој и учењена учениците од ПОУ с. Раштак | Општина Гази Баба - финансиер на активноста | октомври |
| **Енергија** | **Поставување на упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија** | Одредување на местата на кои треба да се постават упатствата<br>Изработка на упатства од страна на учениците<br>Истакнување на упатствата<br>Изработка на флаери за енергетска ефикасност | ноември |
| **Уреден и еколошки двор** | **Засадување на цвеќиња и хортикултурно уредување на дворот** | Засадување на дрвца во соработка со проектот Училишни градини и цвеќиња во жардињерите. | Ноември, март и мај |
| **Отпад** | **Поставување на упатства за селекција на отпад на видно место** | Изработка на упатства за селција на електронски отпад;<br>Одредување на местата за поставување;<br>Поставување на упатства за селекција електронски отпад во близина на корпите за селекција. | октомври |
| **Енергија** | **Промена на FSN арматура со лед арматура** | Фирма -изведувач | октомври |

Активностите кои беа планирани во годишната програма, а не беа завршени во текот на оваа учебна година се префрлуваат во Планот на активности за 2025-2026 година.

Во училиштето се организираат и изведува и уште еден проект чии активности се вклучени во оваа програма, тоа е Училишни градини, а во текот на првото полугодие се одржаа и Еколошки кампањи и акции:

- 22 септември - "МЕЃУНАРОДЕН ДЕН БЕЗ АВТОМОБИЛИ" како дел од Европска недела на мобилност 16 – 22 септември

- 26 септември - Ден на чистите планини! Ден за едукација за заштита на животната средина- планини, реки, потоци, вода и жив свет на нашите планини.
- 4 Октомври - Светски ден на животните
- 14 Октомври ден на собирање електронски отпад - да го намалиме, преработиме и повторно да го употребиме отпадот.
- 15 Март – Работилница "Фрли цветна бомба" да се намали употребата на пестициди и да се помогне во проширувањето на полињата со монокултури

Наставниците редовно ги одржуваат часовите кои се имплементирани сите девет еколошки теми во редовната настава.

**Координатор на проектот,**
**Билјана Антанасова**

## Извештај од реализација на активности од проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието за учебната 2024/2025 година

## Вовед

Проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието (МИО) има за цел да ги зближи учениците од различни етнички заедници преку непосредна комуникација, заеднички активности и зајакнување на меѓусебната доверба и разбирање. Во текот на учебната 2024/2025 година, во нашето училиште беа спроведени низа активности кои имаа за цел да ја поттикнат соработката, толеранцијата и почитувањето на различностите.

### I. Реализирани проекти

#### *1. Часови и работилници за МИО*

Во текот на првото и второто полугодие, реализирани беа часови по МИО од I до IX одделение. Работилниците се одржуваа во рамки на одделенските часови и часовите на Животни вештини, каде учениците преку интерактивни методи учеа за различните култури, вредности и традиции. Активностите беа водени од класните и предметните наставници.

***2. Интеграција на МИО теми во наставата***
Во редовната настава по Историја и Граѓанско образование беа вклучени теми за културна разноликост, човекови права и заедничко живеење. Учениците имаа можност да изразат лични ставови и да дискутираат за значењето на толеранцијата и меѓусебното почитување.

***3. Соработка со партнерско училиште***
Соработката со ООУ „Његош“ од с. Јурумлери беше одлична и вклучи заедничко планирање и изведување активности. Во првото полугодие беа воспоставени почетни контакти и комуникација. Во второто полугодие беше реализирана краткотрајна заедничка активност – посета на објекти од културен и општествен карактер на 30.05.2025 год.

***4. Краткотрајна заедничка активност – едукативна екскурзија***
Во едукативната екскурзија учествуваа ученици од ООУ „Наум Охридски“ (с. Булачани и с. Црешево) и ООУ „Његош“ (с. Јурумлери). Посетени беа: ХЕЦ Тиквеш, винаријата „Тиквеш“, Спомен куќата на Страшо Пинџур во с. Ваташа, градот Кавадарци и меморијалот на дванаесетте младинци. Учениците стекнаа знаења за културното и историското наследство и развија чувство за заедништво преку заеднички активности.

**II. Резултати**
- Се постигна повисоко ниво на почитување и разбирање помеѓу учениците од различни етнички заедници.
- Се зголеми мотивацијата кај учениците за учество во активности поврзани со мултикултурализмот.
- Преку заедничките активности се поттикна соработка, отвореност и емпатија.
- Наставниците ја препознаа важноста на ваквиот тип на активности и активно се вклучуваа во нивно спроведување.

**III. Препопараки**
- Да се продолжи со реализација на слични активности и во наредната учебна година.
- Да се поттикнува уште поголема вклученост на учениците, наставниците и родителите.
- Да се продлабочи соработката со партнерските училишта, вклучувајќи и заеднички проекти, натпревари и културни манифестации.

- Да се зголеми видливоста на реализираните активности преку промоција во училиштето, медиумите и локалната заедница.

**IV. Заклучок**

Годишниот план за Меѓуетничка интеграција во образованието за учебната 2024/2025 година беше успешно реализиран. Активностите имаа позитивно влијание врз учениците, наставниците и целата училишна заедница. Постигнатите резултати претставуваат силна мотивација за продолжување и проширување на ваквиот тип активности и понатаму, во насока на создавање инклузивна и толерантна образовна средина.

**Училишен координатор – Елена Максимовска**

## Годишен извештај - Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта 2024/2025 година

На средбите се спроведуваа активности на часовите со учениците претставници од одделенијата. На часовите преку дискусија преку објаснувања учениците се запознаа со содржини за антикорупциско однесување, одолевање на социјален притисок и препознавањена механизми за спречување корупција. Корупција претставува злоупотреба на службената положба за остварување незаконска приватна добивка. Формите на корупција се разликуваат, но вклучуваат: поткупување, изнуда, протекции, непотизам, покровителство, мито и проневера на пари. Зборот „корумпиран“ потекнува од латинскиот збор „corruptus“. Кога се користи како придавка, овој збор буквално значи „крајно расипан“, додека во современата англиска употреба зборовите корупција и корумпирани имаат многу значења. Корупцијата може да вклучи многу активности, вклучително и поткуп и проневера, иако може да вклучи и практики што се легални во многу земји. Политичка корупција се случува кога носител на должноста или друг владин вработен делува во службена должност за лична добивка. Корупцијата е најчесто во клептократии, олигархии, нарко-држави и мафијашки држави. На 9-ти декември, по донесувањето на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата на

31 октомври 2003 година, се одбележува Меѓународниот ден за борба против корупцијата. Учениците добија јасна слика за поимот корупција. Откако беше пренесена презентацијата учениците отворено дискутираа за ова и притоа прашуваа и кажуваа можни примери за вакви случаи и не само тоа разговараа и за начинот како да се заштитат при вакви случаи. Со учениците првично беше разгледана програмата па потоа тие даваа свои ставови за поимот корупција и на последната средба направивме Анкетен прашалник. По спроведените активности може да заклучиме дека учениците работеа и ги научија основните значења на поимот корупција.

Во текот на учебната година се организираа отворени средби со родителите притоа беа запознаени со поимот антикорупција.Учениците беа потикнати да ја претстават корупцијата како негативна појава во општеството. Со тоа е подобрена мотивација за учество во активностите за антикорупциска едукација. Се развија потенцијалите на учениците преку ликовни и литературни творби за антикорупциска едукација. На најдобрите ученици им беа доделени дипломи и пофалници за учество во ликовниот и литературниот конкурс. На крајот беа сумирани резултатите од оваа година и се дадоа предлог активности за во Годишната програма за 2025/26 година.

**Предметен наставник**
**Златка Панчевска**
**Наставник по македонски јазик**

**Проект: Училишни градини- училница од иднината**
**Извештај за реализација на содржини од проектот „Училишни градини“ за крај од учебната 2024/2025**

Практичниот дел од планираните работилници не е реализиран поради градежни работи- изградба на спортска сала во подрачното училиште во С.Црешево каде беше планирано подигањето на училишната градина.

Учениците беа вклучени само во засадување на цвеќиња со готов расад со цел разубавување на училишниот двор.

**Одговорен наставник:**
**Снежа Ангеловска**

## “Намалување на насилството – како да се сменат нештата”

Активностите кои ги планиравме во рамките на проектот **,,Намалување на насилството – како да се сменат нештата,,** одеа во насока да изградиме висок степен на толеранција, почитување и разбирање меѓу учениците.
Политиките кои ги планиравме се однесуваа на градење на реален став на училиштето против насилството за што беа запознаени сите субјекти во училиштето родители – старатели, вработени во училиштето и самите ученици. На сите субјекти им беа предочени видовите на насилство, како се манифестира и особено какви се последиците од истото.
Во наставата беа планирани активности и работилници од страна на стручните соработници со учениците за да се развие ненасилното однесување, да се препознае обидот за навлекување на насилство, начини на кои може да се решат конфликтите без насилство во било каков облик. Активностите во наставата се одвиваа преку реализирање работилници од образование за животни вештини во кои главни реализатори на активностите беа учениците кои имаа можност да се најдат во улога на двете спротиставени страни на насилник и жртва на насилство.

Особено големо внимание се посвети на работилници одржани за подобрување на менталното здравје, односно колку е важно да се промовира добросостојбата на менталното здравје. Зацврстување на личните компетенициии здрави животни стилови, ангажираност, задоволство и смисла на животот и социјални компетенции како сочуствување и емпатија. Овие работилници беа одржани од страна на стручната служба во поголемите одделенија.
Исто така големо внимание и се посвети на врсничкото насилство. Преку одржување на работилници поврзани со булингот и врсничкото насилство учениците беа упатени како да превенираат и да се заштитат од денес актуелното врсничко насилство во училиштата како и на социјалните мрежи, работилниците беа одржани од страна на стручната служба со цел да се превенира, заштити како и кои се последиците од врсничко насилство.
Секако битен момент во едукацијата беше и како да се помогне на жртвите на насилство.Сметаме дека е допрено до свеста на учениците за прифаќање на ненасилно однесување.

## Заедничка грижа за правилно насочување на учениците

Проектот има за цел да ја зајакне врската ,,родител – ученик – наставник,,. Зајакнувањето на оваа врска ќе овозможи јакнење на воспитната компонента во воспитно – образовниот процес.Овој проект предвидува целта да се постигне преку заеднички активности во училиштето, односно преку организирање на спортски, културни, забавни и едукативни активности во кои покрај учениците ќе земат учество и наставниците и родителите. Предвидените активностите ќе се реализираат во вид на отворени денови или викенди исполнети со соодветни настани. Во планот на активности се опфатени спортски натпревари помеѓу екипи составени од наставници, ученици и родители.

Проектот ,,**Заедничка грижа за правилно насочување на учениците,,** Детската недела и оваа година беше одбележана во нашето училиште со низа активности,творби и работилници под мотото ,,Правата на детето-безбеден чекор кон среќно детство“.

На почетокот од неделата учениците од секое одделение преку презентации се потсетија на одредбите од Конвенцијата за правата на детето,а потоа со своите наставници реализираа работилници преку кои ги презентираа правата и обврските на детето.

На ден 8.10.2024 год. беа реализирани спортски активности во соработка со наставниците по физичко и здравствено образование.

На ден 9.10.2024 год учениците твореа ликовни и литературни творби на тема ,,Правата на детето-безбеден чекор кон среќно детство“.

На ден 10.10.2024год. се организираше кратка приредба за првачињата за прием во Детската организација,на која им беа презентирани дел од правата и обврските на децата, малку се пееше и играше преку неколку ритмички точки,а исто така неколку ученици ги прочитаа и своите напишани литературни творби. На крајот првачињата свечено ја рецитираа песничката ,,Ветување“.

Организирање на музички настани, еколошки денови, организирање на базари по повод одредени празници, заеднички посети на национални музеи, галерии, фестивали и др.. Во текот на првото полугодие реализирани се следните активности:

02.09.2024 – пригодна програма по повод приемот на првачињата,

05.10.2024 - Приредба по повод приемот на првачињата во Детската Организација,

15.10 – 15.11.2024 – месец на книгата,

На ден 20.05..2025год. Учениците од VI а беа дел од предавањето на д-р. Моника Стојановска на тема "Здравјето и човекот" како дел од реализација на проектот ,,Соработка со родител- заедничка грижа за правилно насочување на учениците .

Реализирани родителски средби за одделенска и предметна настава- се закажуваат и одржуваат после одржаните одделенски и наставнички совет.

Реализирани родителски средби во одделенска настава:
04.09.2024, 07.11.2024; 20.01.2025; 09.04.2025; 26.05.2025, 18.06.2025; 27.06.2025,

Реализирани родителски средби во предметна настава:
04.09.2024, 08.11.2024; 10.12.2025; 20.01.2025; 09.04.2025; 26.05.2025, 18.06.2025; 28.06.2025
Посета на институција на подрачната канцеларија на Црвен Крст на Гази Баба назив Општинска организација на Црвен Крст на Гази Баба.

## Проект “Унапредување на менталното здравје,,
## Годишен извештај за активностите на унапредување на менталното здравје спроведувани на месечно ниво

**Спроведени работилници и активности во месец: Октомври 2024-25**

Стручен соработник/ реализатор на работилницата: Габриела Јакимовска – психолог (работилници 1, 2 и 3 од прилогот), Билјана Антанасова – одделенски наставник (работилница 4 од прилогот), Сунчица Стојковска – одделенски наставник (работилница 5 од прилогот), Соња Апостоловска Трајковска – одделенски наставник (работилница 6 од прилогот)

| Реден број | Наслов на работилницата | Одделение | Број на присутни ученици | Датум на реализација | Белешки од реализираната работилница |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Активност Писмо до “идниот јас” | VIII а, VIII б | VIII а: 14 VIII б: 18 | 09.10.2024 – VIII а 10.10.2024 – VIII б | Извештај од спроведена активност, фотографии, изработки |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Дебата на тема “Социјален притисок кај момчињата и девојчињата” | VIII а, VIII б | VIII а: 14 VIII б: 18 | 09.10.2024 – VIII а 10.10.2024 – VIII б | Извештај од спроведена активност, фотографии |
| 3 | Самостојна изработка и делење на позитивни, мотивирачки и убави пораки | IX а, IX б | IX а: 28 IX б: 24 | 14.10.2024 – IX а 17.10.2024 – IX б | Извештај од спроведена активност, фотографии, изработки |
| 4 | Работилница “Стоп за булинг” | V а | 22 | 25.10.2024 | Извештај од спроведена активност, фотографии |
| 5 | Работилница “Пријателско и непријателско однесување” | III а | 10 | 21.10.2024 | Извештај од спроведена активност, фотографии |
| 6 | Работилница “Деца со најубави имиња” | III б | 20 | 29.10.2024 | Извештај од спроведена активност, фотографии |

**Спроведени работилници и активности во месец: Ноември 2024-25**

Стручен соработник/ реализатор на работилницата: Габриела Јакимовска – психолог (работилници 1 и 2 од прилогот), Марина Миткова – педагог (работилници 1 и 2 од прилогот), Маја Крстеска – предметен наставник (работилница 3 од прилогот), Златка Панчевска – предметен наставник (работилница 4 од прилогот).

| Реден број | Наслов на работилницата | Одделение | Број на присутни ученици | Датум на реализација | Белешки од реализираната работилница |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Работилница “Насилство – поим и видови” | V а, V б | V а= 22 V б= 15 | 26.11.2024 | Извештај од спроведена активност, фотографии, работни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | листови |
| 2 | Работилница за кооперативно однесување и соработка “Заеднички подготовки за кампување” | VI а,<br>VI б | VI а= 22<br>VI б= 23 | 28.11.2024 | Извештај од спроведена активност, фотографии, работни листови |
| 3 | Работилница за справување со емоции “Покажи ми љубов” | IX б | 24 | 08.11.2024 | Извештај од спроведена активност, фотографии, изработки |
| 4 | Работилница “Промени тука – промени таму” | VII а | 19 | 01.11.2024 | Извештај од спроведена активност, фотографии |

**Спроведени работилници и активности во месец: Декември 2024-25**

Стручен соработник/ реализатор на работилницата: Габриела Јакимовска – психолог (работилници 1 и 2 од прилогот), Марина Миткова – педагог (работилници 1 и 2 од прилогот), Ивона Величковска – специјален едукатор и рехабилитатор (работилници 2 и 3 од прилогот), Љупка Богдановска – предметен наставник (работилница 4 од прилогот), Марија Сотировска – предметен наставник (работилница 5 од прилогот), Александра Величковска – предметен наставник (работилница 6 од прилогот)

| Реден број | Наслов на работилницата | Одделение | Број на присутни ученици | Датум на реализација | Белешки од реализиранат а работилница |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Работилница “Ненасилно решавање конфликти” | VII а,<br>VII б | VII б = 30<br>VII а = 19 | 12.12.2024 – VII б<br>20.12.2024 – VII а | Извештај од спроведена активност, фотографии, работни листови |
| 2 | Работилница “Што се | Родители | Од повиканите | 16.12.2024 | Извештај од спроведена |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | случуваше денес на училиште?” | | , дојдоа 11 родители | | активност, фотографии, изработки |
| 3 | Работилница “Развивање на емпатија и прифаќање на различностите” | VI а, VIII б | VI а = 22 VIII б = 18 | 23.12.2024 – VI а 24.12.2024 – VIII б | Извештај од спроведена активност, фотографии, изработки |
| 4 | Работилница “Многу луѓе, малку простор” | VIII б | VIII б = 18 | 04.12.2024 | Извештај од спроведена активност, фотографии |
| 5 | Работилница “Ако не реагирам” | VIII а | VIII а = 14 | 17.12.2024 | Извештај од спроведена активност, фотографии |
| 6 | Работилница “Справување со емоции - Напаѓачко однесување” | VI б | VI б = 23 | 24.12.2024 | Извештај од спроведена активност, фотографии |

**Спроведени работилници и активности во месец: Јануари 2024-2025**

Стручен соработник/ реализатор на работилницата: Габриела Јакимовска – психолог (работилници 1 и 2 од прилогот), Марина Миткова – педагог (работилници 1 и 2 од прилогот), Ивона Величковска – специјален едукатор и рехабилитатор (работилници 1 и 2 од прилогот), Оливера Тушевска Столеска – одделенски наставник (работилница 3 од прилогот), Катерина Трифунова Лозановски – предметен наставник (работилница 4 од прилогот).

| Реден број | Наслов на работилницата | Одделение | Број на присутни ученици | Датум на реализација | Белешки од реализираната работилница |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Работилница “Безбедно користење интернет” | VI а, VI б | VI а = 22 VI б = 23 | 24.01.2025 - VI б 29.01.2025 - VI а | Извештај од спроведена активност, фотографии, работни листови |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Работилница за подобра комуникација и соработка помеѓу родителите и училиштето | Родители | 14 родители | 23.01.2025 | Извештај од спроведена активност, работни листови |
| 3 | Работилница “Принцеза во хартиена ќеса” | II а | 7 | 24.01.2025 | Извештај од спроведена активност, изработки |
| 4 | Работилница “Напаѓачко однесување” | VI а | 22 | 28.01.2025 | Извештај од спроведена активност, фотографии |

**Спроведени работилници и активности во месец: Февруари 2024-2025**

Стручен соработник/ реализатор на работилницата: Ивона Величковска – специјален едукатор и рехабилитатор (работилница 1 од прилогот), Габриела Јакимовска – психолог (работилница 2 од прилогот), Александра Мирческа – предметен наставник (работилница 3 од прилогот), Сунчица Стојковска – одделенски наставник (работилница 4 од прилогот).

| Ред ен број | Наслов на работилницата | Одде ление | Број на присутни ученици | Датум на реализаци ја | Белешки од реализираната работилница |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Работилница “Врсничка помош и поддршка на учениците со попреченост” | IX а, IX б | IX а = 28, IX б = 24 | 14.02.2025 | Извештај од спроведена активност |
| 2 | Активност “Улогата на системите на поддршка, пријателствата,исхраната, физичките активности во подобрување на менталното здравје кај учениците” | IX а, IX б | IX а = 28, IX б = 24 | IX б = 20.02.2025 IX а = 21.02.2025 | Извештај од спроведена активност, фотографии, работни листови |
| 3 | Работилница “Притисок” | VII б | 30 | 03.02.2025 | Извештај од спроведена активност, фотографии |
| 4 | Работилница “Зборување зад грб” | III а | 10 | 19.02.2025 | Извештај од спроведена активност, фотографии |

**Спроведени работилници и активности во месец: Март 2024-25**

Стручен соработник/ реализатор на работилницата: Габриела Јакимовска – психолог (работилници 1 и 2 од прилогот), Марина Миткова – педагог (работилници 1 и 2 од прилогот), Јована Димовска – предметен наставник (работилница 2 од прилогот), Елена Максимовска – одделенски наставник (работилница 3 од прилогот), Теодора Димовска - одделенски наставник (работилница 4 од прилогот)

| Реден број | Наслов на работилницата | Одделение | Број на присутни ученици | Датум на реализација | Белешки од реализираната работилница |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Интерактивна активност со учениците за видови на карактери | VIII а, VIII б | VIII а = 14<br>VIII б = 18 | VIII а = 27.03.2025<br>VIII б = 28.03.2025 | Извештај од спроведена активност, работни листови |
| 2 | Водич и насоки за родители во услови на криза | Родители | Родители (веб страна на улилиштето) | 24.03.2025 | Поставено на веб страната на училиштето |
| 3 | Работилница “Момчињата не плачат” | V б | 15 | 24.03.2025 | Извештај од спроведена активност, фотографии |
| 4 | Работилница “Да се спротивставувам или не?” | IV а | 22 | 25.03.2025 | Извештај од спроведена активност, фотографии |

**Спроведени работилници и активности во месец: Април 2024-2025**

Стручен соработник/ реализатор на работилницата: Габриела Јакимовска – психолог (работилници 1 и 2 од прилогот), Марина Миткова – педагог (работилница 1 од прилогот), Сања Костовиќ Николовска – одделенски наставник (работилница 3 од прилогот), Весна Јованова – одделенски наставник (работилница 4 од прилогот).

| Ред ен број | Наслов на работилницата | Одде ление | Број на присутни ученици | Датум на реализаци ја | Белешки од реализираната работилница |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Работилница “Професионална ориентација, способности и интереси кај учениците” | IX а, IX б | IX а = 28, IX б = 24 | 22.04.2025 | Извештај од спроведена активност, материјали |
| 2 | Работилница “Лебдење во балон” | V а, V б | V а = 22, V б = 15 | V а = 29.04.2025 V б = 17.04.2025 | Извештај од спроведена активност, материјали, фотографии |
| 3 | Работилница “Кога и од кого можам да побарам помош” | II а | 7 | 16.04.2025 | Извештај од спроведена активност, фотографии, работни листови |
| 4 | Работилница “Моја облека - моја грижа” | IV б | 13 | 25.04.2025 | Извештај од спроведена активност, фотографии |

**Спроведени работилници и активности во месец: Мај и Јуни 2024-25**

Стручен соработник/ реализатор на работилницата: Лила Стојковска – одделенски наставник (работилница 1 од прилогот), Билјана Антанасова – одделенски наставник (работилница 2 од прилогот), Јована Димовска - предметен наставник (работилница 3 од прилогот)

| Ред ен број | Наслов на работилницата | Одде ление | Број на присутни ученици | Датум на реализаци ја | Белешки од реализирана та работилница |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Работилница “Моите чувства” | II б | 26 | 27.05.2025 | Извештај од спроведена активност |
| 2 | Работилница “Ај да гребеме автомобили” | V а | 22 | 26.05.2025 | Извештај од спроведена активност, фотографии |
| 3 | Работилница “Желби за подобар свет доколку бев волшебник” | IX а | 28 | 02.06.2025 | Извештај од спроведена активност, фотографии |

**И З В Е Ш Т А Ј**

За спроведени работилници и активности со психолог за
Денот на менталното здравје (10.10.2024)

По повод Ден на менталното здравје (10.10) во училиштата во Булачани и Црешево во текот на неделата беа реализирани активности со училишниот психолог Габриела Јакимовска. Учениците од VIII а и VIII б одделение пишуваа писма до “идниот јас”, кои ќе ги читаат на крајот на учебната година. Покрај тоа, во вид на дебата се зборуваше за социјалниот притисок кај момчињата и девојчињата. Учениците од IX а и IX б одделение рачно изработуваа декоративни ливчиња на кои самите пишуваа позитивни, убави и мотивирачки пораки. По завршување на часот заедно ги делеа тие пораки на наставниците, стручните соработници и други ученици во училиштето.
Менталното здравје во себе вклучува емоционално, социјално и психолошко здравје. Психичкото здравје е еднакво значајно и важно колку и физичкото и во никој случај не треба да биде занемарено.












## Проект „ Безбедна сајбер зона“

ЦСИ „ Надеж“ поддржано од општина Гази Баба

На 18.10.2024 се одржа проект „Безбедна сајбер зона“ составена од две фокус групи едната ученици и едната возрасни (родители наставници и стручна служба.) Целта на фокус групите е утврдување на потребата за заштита на децата од сајбер насилство и согледување на ставот на учениците, родителите, наставниците и членовите на стручна служба.

Во рамките на проектот „Безбедна Сајбер Зона,“ се одржа фокус група наменета за ученици во кое исто така беа вклучени и деца од подрачното училиште во с. Црешево. Во оваа фокус група учествуваа осум ученици и тоа по две деца од шесто одделение, седмо одделение, осмо одделение и деветто одделение. Учениците беа избрани од страна на класните раководители. Прашањата беа формулирани да го истражат нивото на познавање на учесниците за сајбер насилството, сериозноста на проблемот во однос на физичкото насилство, свесноста на младите за овој проблем, последиците кои ги предизвикува, нивната реакција на објави и коментари во вид на сајбер насилство, кои интернет платформи ги користат и на кои сајбер насилството е нај активно, нивните перцепции за тоа како училиштето може да помогне во спречување на овој проблем и неговапревенција, како и улогата на родителите во спречување на сајбер насилството. Потреба од едукација и интервенција: Учениците истакнуваат потреба и желба од поголема креативност во одржување на работилниците на теми поврзани со насилство.Голем дел од присутните деца често биле во стручна служба за разговор поради одредено недоразбирање или проблем. Фокус групата овозможи значајни сознанија за ставовите и искуствата на младите во однос на сајбер насилството и потврди дека е неопходна континуирана едукација иподдршка за спречување на овој проблем.

Потреба од едукација и интервенција: И стручната служба и родителите нагласија дека е потребно поголемо едуцирање на учениците и родителите на темата сајбер насилство.

Стручната служба активно реализира работилници со самите ученици на теми поврзани со сајбер насилство, но и слични теми. Вклучени се во неколку проекти, а и како училиште изразуваат заинтересираност за активности кои би ги надоградиле за полесно справување со потешкотии на работно место.

Препораки:

- Поголема едукација на родителите за начините на безбедно следење на активностите на нивните деца без да се наруши довербата.
- Намалување на возрасната граница за работа на превенција од сајбер насилство

Од најголема важност на пристапот и соработката на училиштето, родителите и стручната служба за ефикасна превенција и справување со сајбер насилството. Потребата за поголема едукација и поголемо делување уште од рана возраст.





**И З В Е Ш Т А Ј**

**За спроведен проект “Негативни последици од Тик Ток предизвици”**

Поради големиот опфат на училишта каде што учениците учествуваат во опасни Тик Ток предизвици, нашето училиште одлучи да ги активира учениците во проект насловен “Негативни последици од Тик Ток предизвици”. Учениците беа координирани од стручната служба и од класните раководители. Секоја паралелка од предметна настава требаше да направи изработки: хамер,

презентација на наведената тема. Притоа, вниманието требаше да го насочат кон извлечената поука и донесените заклучоци. Сите групи завршија одлична работа, секоја група презентираше пред друго одделение од училиштето. Главната цел на проектот беше подигнување на свесноста кај учениците за можните повреди и последици од предизвиците, како и за влијанието на медиумите и социјалните мрежи – само затоа што нешто е во тренд, не значи дека е правилно и дека треба да се следи.











## Извештај од спроведени работилници и активности за обучување за Самозаштита во училиштето

**И З В Е Ш Т А Ј**
**од одржана едукативна работилница**
**„Заштита од пожари“**

На 22 и 23 мај со цел самостојно да прават проценка на опасностите од пожари, експлозии и опасни материи, да ја подигнат свеста за значењето на превентивната заштита од пожари, опасностите кон животите, имототот, материјалните и природните богатства учениците имаа можност да следат едукативна обука насловена „Заштита од пожари“. Во работилницата беа опфатени учениците од 9 одделение од Цршево и Булачани а истата ја спроведе одделенскиот наставник Весна Јованова, обучен презентер за заштита од пожари од страна на Противпожарен сојуз на град Скопје.

Во времетраење од 40 минути заради своја безбедност и безбедност на другите учениците стекнаа знаења за потребните услови за да се случи горење или пожар, се запознаа со последиците од пожарите, кој ги предизвикува, најчести орулини за предизвикување пожар во домовите, мерките за спречување на предизвикување. Голем акцент беше ставен на начинот на гаснење на пожарите, ПП опремата, како да постапат учениците во случај на пожар, да научат да ги читаат значите за известување, како и каде да пријават доколку забележат пожар.

На крајот од работилницата учениците беа мотивирани да изработат литературни или ликовни творби на тема „Заштита од пожари“ како би можеле да земат учество на Конкурсот кој секоја година го организира ПП сојуз на град Скопје.






Одд.наставник: Весна Јованова

**Извештај од соработка со локална заедница за спроведена работилница на тема „Елементарни непогоди“**

Врз основа на меморандум за соработка со општина Гази Баба, Воената академија започна со реализација на едукативни обуки за превенција и заштита во случај на пожари, земјотреси и поплави за учениците во основните училишта на територијата на општина Гази Баба. Денес беа одржани едукативни обуки и во нашето училиште со учениците од деветo одделение. Обуките ги реализираа професорите д-р Билјана Каровска-Андоновска, д-р Димитар Богатинов, ппoлк. и д-р Љупчо Шошоловски, мајор. Преку интерактивни предавања и практични совети, учениците имаа можност да се едуцираат за основните правила за постапување во случај на елементарни непогоди.



**Извештај од спроведени работилници и активности за обучување за Самозаштита во училиштето во соработка сородители**

Како дел од постојаната соработка на училиштето со родителите на нашите ученици, со учениците од V одделение имаше предавање од родител Златко Здравковски кој работи како пожарникар. Тој ни објасни колку е важна неговата професија и како изгледа еден негов работен ден. Ни покажа опрема за гаснење пожар и не научи како да реагираме при пожар. Учениците поставуваа прашања и со големо внимание го следеа предавањето. Најмногу ни се допадна демонстрацијата со заштитната опрема и храброста што ја покажуваат пожарникарите секој ден. Предавањето беше едукативно и инспиративно.



## ИЗВЕШТАЈ ОД НАТПРЕВАР ПО ПЦК

На **16.04.2025**, во организација на Општинската организација на Црвен крст ГАЗИ БАБА-Скопје, се одржа натпревар во прва помош и хуманитарни активности во средното училиште **Панче Арсовски**. На натпреварот учествуваа екипи од основни и средни училишта кои покажаа високо ниво на знаење, тимска работа и подготвеност за дејствување во итни ситуации.

Натпреварот се состоеше од симулации на реални ситуации, решавање на задачи поврзани со укажување прва помош и активности поврзани со промоција на хуманите вредности. Сите екипи покажаа голема ангажираност и посветеност.

Настанот помина во позитивна и другарска атмосфера, а волонтерите и судиите придонесоа за фер и професионална организација.

Целта на натпреварот беше да се поттикне младинскиот активизам, хуманоста и знаењето за укажување прва помош – вредности кои се основа на мисијата на Црвениот крст.




одговорен наставник

**Биљана Белогаска**

## Г О Д И Ш Е Н  И З В Е Ш Т А Ј
## за спроведени советувања со родители и ученици во учебната 2024 – 2025 година

Советувањето на родителите во нашето училиште се одвива според програмата за советување на родители во основните училишта, со цел запознавање на родителите на учениците кои нередовно посетуваат настава, имаат слаб успех во учењето или манифестираат одредена форма на несоодветно однесување со природата и значењето на проблемот што се јавил кај нивните деца. Ги советуваме родителите за начините на кои може да се подобрат вештините на воспитување на децата и да се унапредат односите во семејството за да можат нивните деца поуспешно да се справуваат со разни видови училишни тешкотии и животни предизвици. Постапката како да бидат повикани родителите на советување законски беше запазена, а при советувањето се внимаваше исто така на програмските основи за советување на родителите имајќи го во предвид основниот услов за постигнување на целта на советувањето, а тоа е градењето доверба и развивањето партнерски односи со родителите за надминување на тешкотиите или проблемите што се јавиле кај нивните деца, притоа потенцирајќи им ги подетално стиловите на родителство и нивните ефекти и препораките за поуспешна комуникација меѓу родителот и детето.

По разговорите со раководителите на паралелките и одржаните одделенски, предметни и наставнички совети се селектираат учениците и се пристапува кон реализирање на советувањето според програмски утврдениот терк. За секое советување се води документација:

- Покана за родителот / старателот кој се повикува на советување
- Записници од одржаното советување при првата, втората и третата средба
- Потписи за присуство

Бројот на повиканите родители варира секоја учебна година во зависност од наведените присутни проблеми. Во учебната 2024 – 2025 година советувани се вкупно 25 родители на ученици, од кои 23 поради слаб успех и 2 поради нередовно посетување настава. По советувањето на родителите, се спроведува и советување на учениците.

Реализатор на советувањето:
**Габриела Јакимовска - Психолог**

## ВОН – НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Преку ова подрачје на учениците им се дава можност за развивање на активен ученички живот, зголемување на интересите и способностите и изградување на морално, културно, естетско чувство и желба за побрз физички и интелектуален развој. Тоа е подрачје во кое пред учениците се експонира вистинскиот живот во кој по завршувањето на основното училиште поактивно ќе се вклучат. Планираните активности во годишната програма се реализирани. Дел од активностите на секциите се:

02.09.2024 – пригодна програма по повод приемот на првачињата,

05.09.2024 - Приредба по повод приемот на првачињата во Детската Организација,

15.10 – 15.11.2024 – месец на книгата,

Во текот на второто полугодие во рамките на вонаставните активности се реализираа работилници со учениците од I – IX одделение за личен, социоемоционален и психолошки развој на учениците.

## ИЗВЕШТАЈ ВЕЛИГДЕНСКИ БАЗАР

ООУ ,,Наум Охридски,, с. Булачани, с.Црешево, с.Раштак

Одговорни наставници се сите наставници во училиштето, стручен тим, директор, техничка служба

1.БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ НА ОБУКАТА:

| |
|---|
| Цело училиште- сите деца-ученици во сите наведени објекти. |

2. РАСПОРЕД НА АКТИВНОСТИТЕ

| Активности | Датум/место на реализација | активности |
|---|---|---|
| 1. Организација на наставниците со учениците за начинот на изведување на базарот.<br>2. Изведување работилници со учениците – | 16. 04.2024 г. ООУ ,,Наум Охридски,,<br>с. Булачани, с.Црешево, с.Раштак | - Меѓунаставничка соработка на ученици од прво до деветто одделение.<br>- изведување на базар со продажба на храна, пијалоци, украси.<br>- собирање на |

| | | |
|---|---|---|
| изработка на украси, корпи, јајца....<br>3. Информирање на родителите и мештаните во околната средина.<br>4. Известување на Совет на родители за наменското трошење на средствата кои ќе се добијат од базарот. | | средствата.<br>- известување на Совет на родители за добиените средства. |

## 1. ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ

Родителите и учениците во нашето училиште секоја година искажуваат желба за изведба на базар, на кој се одвива меѓусебна дружба, соработка меѓу наставниците, родителите и учениците и со самите активности се добива продуктивност на собирање материјални средства. Средствата кои ќе се соберат наменски ќе бидат за потребите на училиштето.










# Извештај од одржани екскурзии и излети

## ИЗВЕШТАЈ

### За реализираната тридневна екскурзија
### со наставно научно-рекреативен карактер

***Место на посета*:** Централен и Западен дел на Македонија
Булачани - Скопје – Велес – Прилеп – Крушево - Битола – Охрид – Свети Наум – Струга – Вевчани - Кичево - Скопје.
***Опфатеност на ученици*:** учениците од IX-а и IX-б
***Време на реализација*:** 07, 08 и 09 октомври 2024 год.
***Раководител на екскурзијата****:* Маја Крстеска
***Заменик раководител***: Јована Димовска, Дејан Тупоски

Согласно програмата за реализација на екскурзии, ООУ,,Наум Охридски" с.Булачани - Скопје, организираше тридневна екскурзија во Централен и Западен дел на Македонија. На оваа екскурзија беа вкупно 51 ученик од IX-а и IX-б одд. под раководство на одделенските раководители Маја Крстеска и Јована Димовска, како и наставникот по физичко и здравствено образ. Дејан Тупоски. Патувањето беше пропратено со медицинско лице и претставник од туристичката агенција. Агенцијата која ја реализира екскурзијата е Т.А Кондор *No* 1 од Скопје.

***Прв ден.*** Тргнувањето на групата беше од пред училиште во 8:30 часот. Се патуваше преку Велес, со попатен посета и пауза на локалитетот Стоби, кој бил најголемиот град во северниот дел на римската провинција Македонија, а подоцна главен град на провинцијата Macedonia Secunda и значаен урбан, воен, административен, трговски и религиозен центар на две големи империи: римската и рановизантиската. Потоа преку Неготино и Кавадарци се продолжи кон Прилеп, каде се посети спомен-паркот Могила, кој е изграден 1961 година во чест на загинатите борци од НОВ. Спомен паркот на Револуцијата составен е од: Алеја на народните херои со бисти од десетте загинати херои, Цветна алеја, патека која води до Заедничка гробница - крипта. Потоа се разгледа вториот дел во кој се наоѓа криптата - заедничката гробница, каде во мермерните плочи се вклесани имињата на паднатите борци, кои го положиле животот за ослободување на Македонија. Следната дестинација беше Крушево каде се посети Македониумот, споменик кој ја означува непокорноста, борбата и вечната стремеж на македонскиот народ за слобода и самостојна држава, како и спомен-куќата на Тоше Проески, една од најголемите ѕвезди на балканската музичка сцена.

Групата продолжи во Битола, каде ја посетија Хераклеа, градска населба од старомакедонско време до средниот век која е основана кон средината на IV век пред н.е. од страна на кралот Филип II Македонски, како важен стратегиски пункт. Потоа го посетија и Музејот на Битола, односно спомен - собата на Кемал Ататурк турски офицер, револуционер и државник, кој успеал старата Отоманска Империја да ја трансформира во современа демократска и секуларна држава . Потоа учениците имаа 1 час слободно време за прошетка по Широк сокак. Од тука тргнаа кон крајната дестинација за овој ден, хотел Конгресен центар во Охрид, каде во попладневните часови учениците се сместија, имаа организирана вечера, забава и ноќевање.










***Втор ден.*** Започна со појадок  во ресторанот во 8:00 часот, а потоа се упативме кон Вевчани со посета на Вевчанските извори едни од поретките псевдопериодски сифонски врела во Македонија. Потоа следуваше разглед на градот Струга со кратка прошетка низ чаршијата и посета на истекот на реката Дрим од Охридското езеро. Во Струга  ја посетивме куќата на Миладиновци и Природно Научниот Музеј. Се вративме во хотелот, следуваше ручек и мал одмор, а потоа заминавме  во посета на градот Охрид, прошетката низ стариот дел на градот започна со посета на Св.Софија, една од најголемите средновековни цркви на овие простори која во еден долг временски период била соборна црква на Охридската архиепископија, Св.Јован Канео, една од најпознатите цркви во Охрид, на карпестиот рид над плажата Канео во стариот дел на градот, Плаошник, религиозен локалитет уште од почетоците на христијанството, каде се пронајдени неколку големи ранохристијански базилики, како и остатоци од црквата Свети Пантелејмон која ја изградил и во која работел Свети Климент Охридски, Самоилова тврдина, која се смета за една од најголемите фортификации зачувани во Македонија и е поврзана со големото археолошкото истражување на културните слоеви во нејзината внатрешност, при што биле откриени многу вредни наоди, меѓу кои и познатите "Златна маска и златна ракавица", датирани од 5 век п.н.е., амфитеатарот, бил изграден во хеленистичкиот период, т.е. во 200 година п.н.е. и е единствениот хеленистички амфитеатар. По посетата на стариот град Охрид се вративме во хотелот каде следуваше вечера, по што следуваше организирана забава во диско – „Карусо“ во центарот на градот Охрид каде учениците останаа до 22:30 часот.

## ИЗВЕШТАЈ

**За реализираната дводневна екскурзија**
**со наставно научно-рекреативен карактер**

***Место на посета*:** Југоисточна Македонија
Булачани - Скопје - Куманово - Кокино - Кратово - Пробиштип – Штип – Радовиш – Струмица – Ново Село – Колешино – Дојран - Гевгелија – Демир Капија – Стоби - Скопје.
***Опфатеност на ученици*:** учениците од VI-а и VI-б одд.
***Време на реализација*:** 08 и 09 мај 2025 год.
***Раководител на екскурзијата*:** Александра Величковска
***Заменик раководител*:** КатеринаТрифунова Лозановски

Согласно програмата за реализација на екскурзии, ООУ,,Наум Охридски" с.Булачани - Скопје, организираше дводневна екскурзија во Југоисточниот дел на Македонија. На оваа екскурзија беа вкупно 25 ученици од VI-а и VI-б одд. под раководство на одделенските раководители КатеринаТрифунова Лозановски и Александра Величковска. Патувањето беше пропратено со медицинско лице од туристичката агенција. Агенцијата која ја реализира екскурзијата е Т.А Кондор *No* 1 од Скопје.

***Прв ден.*** Во 8:30 часот учениците се сместија во автобусот на агенцијата Кондор *No* 1 кој беше паркиран пред училиштето во Булачани. Според утврдената маршута, автобусот се упати во правец од Скопје преку Куманово, со попатна посета на мегалитска опсерваторија Кокино во атарот на општината Старо Нагоричане каде се задржавме околу еден час од каде се упативме кон Кратово, со попатна посета на селото Куклица и земјените пирамидални форми – камени кукли. Во Кратово учениците се запознаваат со историјатот на крајот, кулите, Радин мост, музејот, црквата, кратовските маала, сето тоа со панорамско разгледување низ градот. Потоа се упативме за Пробиштип каде го посетивме Лесновскиот манастир. Отука се упативме кон Радовиш каде ја посетивме црквата св.Троица. Направивме панорамско разгледување на градот Штип и се упативме кон Струмица и Ново село од каде продолживме за Колешино и посета на Колешинските водопади каде што имавме организирано ручек во ресторан „Сонце" на оваа локација се задржавме околу два часа, а потоа се упативме во посета на манастирот Вењуса. Во доцните попладневни часови пристигнувме во Дојран каде се сместивме во Хотел Ла Тераца. Учениците се сместија во собите, а потоа следуваше вечера. По вечерата по желба на учениците се организизираше интерна забава надвор од хотелот каде учениците останаа до 22:00 часот.

***Втор ден.*** Започна со појадок во ресторанот во 8:00 часот, а потоа следуваше едночасовна прошетка покрај Дојранското езеро и набљудување на ендемската флора и фауна. Оттука се упативме кон посета на локалните знаменитости на градот Дојран како

што се Природно научниот музеј, црквата св. Илија која е изградена во XIX век и манастирот Марија Магдалена. Се вративме во хотелот, следуваше ручек а потоа тргнавме во посета на граничниот премин
Стар Дојран. По оваа посета се упативме за Скопје преку Демир Капија каде ја посетивме винаријата „Вила Марија“ а попатно го посетивме и археолошкиот локалитетот Стоби.

***Пристигнувањето во Скопје беше во доцните попладневни часови.***
Дводневната  екскурзија помина во најдобар ред.






Одговорните наставници за екскурзија за шесто одделение.

# ИЗВЕШТАЈ
## За реализирана  Настава во природа

**Прв ден**

Групата појде од пред училишната зграда во 09:00 часот. Се патуваше преку Тетово и Гостивар со попатно панорамско набљудување и фотографирање на Полошката Котлина. Пристигнавме во село Вруток каде што се набљудуваше изворот на реката Вардар. Следеше посета на Маврово и разгледување на Мавровското Езеро. Потоа го посетивме манастирот „Св. Јован Бигорски“ каде што учениците се запознаа со историјата на манастирот. Патувањето продолжи кон градот Струга со попатно застанување во Вевчани каде се разговараше за природните убавини и знаменитости. По пристигнувањето во Охрид, се сместивме во хотелот „Конгресен центар“, следеше прошетка, ручек и попладневен одмор. Попладнето учениците вршеа истражување на животинскиот и растителниот свет во и покрај вода, по што пишуваа извештаи за истражувањето и ги презентираа своите наоди. Се водеше групен дневник за местата и активностите од првиот ден, а вечерта беше организирана забава и дружење.





**Втор ден**

Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Следеше посета на Заливот на коските и манастирот Св. Наум, каде што беше организирано групно фотографирање. При враќањето попатно ги посетивме Билјанини извори. Учениците беа поделени во три групи и пишуваа извештаи за истражувањата и знаењата стекнати во текот на посетите. По ручекот и одморот, организирана беше прошетка низ старата охридска чаршија, разгледување на црквата Св. Софија, Античкиот театар и спомен куќата на Робевци. Учениците разговараа со занаетчии и правеа интервјуа. Вечерта следеше презентација на извештаите, водење на групен дневник за вториот ден, забава и ноќевање.









**Трет ден:**
Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Посетивме неколку значајни културно-историски локации: Самоиловата тврдина, Плаошник и Св. Јован Канео. Учениците фотографираа и се запознаа со културното наследство на Охрид. По враќањето во хотелот, следеа ручек, попладневен одмор, пишување и презентација на извештаи. Беа организирани спортски активности и социјални игри. Вечерта се одржа квиз натпревар со прашања од знаењата стекнати за време на престојот. Се водеше групен дневник за третиот ден, а потоа следуваше организирана забава и ноќевање.

**Четврт ден:**
Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Се посети градот Струга каде што беа разгледани Спомен куќата на браќата Миладиновци, Паркот на поезијата, Природно- научниот музеј „Никола Незлобински" и манастирскиот комплекс „Калишта". По враќањето во одмаралиштето следеа ручек, одмор и цртање инспирирано од набљудувањата. Потоа се организираа спортски активности и социјални игри и прошетка покрај езерскиот брег. Вечерата беше организирана забава и дружење на учениците

**Петти ден:**
Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Подготовка за напуштање на хотелот. На враќање преку Битола, беше извршена посета на гробот и спомен куќата на Тоше Проески, Музејот на НОВ, леарницата за оружје од Илинденското востание и споменикот Македониум. Пристигнување пред училишната зграда во попладневните часови.

**Заклучок:**
Во текот на патувањето учениците се запознаа со природните убавини и културното наследство на Македонија, стекнаа нови знаења преку истражувања и посети, развиваа социјални вештини и учествуваа во спортски и забавни активности. Програмата беше успешно реализирана со активно учество и голема заинтересираност на учениците.
Носители на активностите: учениците и одделенските наставници на V-те одделенија: Vа –Билјана Антанасова и Vб –Елена Максимовска.

---

Раководители на активностите во рамки на наставата во природа: Vа –Билјана Антанасова и Vб –Елена Максимовска.

Време на реализација и времетраење: 22.04.2025 до 26.04.2025, 4 ноќевања - пет дена.

Одговорни наставници: Билјана Антанасова Елена Максимовска

# ИЗВЕШТАЈ

**За реализираната еднодневна екскурзија
со наставно научно-рекреативен карактер**

## 1.РАСПОРЕД НА АКТИВНОСТИТЕ

План на патувањето:

- Тргнување во 08:30
- Попатно разгледување на одликите на Македонија
- Посета на ХЕЦ Тиквеш
- Посета на винарија Тиквеш
- Посета на селото Ваташа каде се посетува Спомен куќата на Страшо Пинџур и спомен обележјето за дванаесетте младинци стрелани за време на НОБ
- Посета на градот Кавадарци и прошетка низ градски парк и чаршијата
- Тргнување за Скопје во 16:00 часот и пристигнување во попладневните часови

## 2. ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ

Учениците од ООУ,,Наум Охридски“ 3 одделение безбедно се качија во автобусот според предвиденото време. Потоа попатно на договорено и испланирано време ни се придружија учениците од 3 одделенеие од ООУ,,Његош“. Патувањето течеше мирно и спокојно со попатно две застанувања поради потреби на учениците или наставниците.





- ХЕЦ Тиквеш

Учениците се запознаа со придобивките и целта на постоењето на ХЕЦ Тиквеш. Учениците практично видоа дел од хидроцентралата која произведува електрична енергија од обновлив извор-водата и притоа развија чувство на

заштита, правилно користење и одговорност кон водата и кон електричната енергија.

ХЕЦ Тиквеш е лоцирана на Црна Река, околу 27 км возводно од нејзиното вливање во река Вардар во близина на Кавадарци. Овој хидросистем е со двојна намена, се користи за производство на електрична енергија и за наводнување на Тиквешко Поле, еден од најтоплите и најсушните региони во Северна Македонија.

Хидроелектраната Тиквеш е проектирана и изведена со инсталирана моќност од 113 MW и годишно производство од 144 GWh. Машинската зграда се наоѓа во подножјето на браната. Во зградата се сместени 4 агрегати опремени со Францис турбини со вертикална оска, како и со трофазни синхрони генератори. Трансформаторите се сместени надвор од машинската зграда. Локацијата на разводната постројка 110 kV е надворешна.

Таа има двојна улога-1- заштеда на електрична енергија и -2- заштита од поплава доколку се качи водостојот на езерото (тогаш произведуваат повеќе електрична енергија и ја црпат повеќе водата од самото езеро-Тиквешко Езеро)







- ## Винарија Тиквеш

**„Тиквеш“** — најголемата винарска визба во Македонија и најстара винарија на Балканот . Според правниот статус, таа е акционерско друштво, со седиште во Кавадарци.

- Произведува вино (црвено, бело и розе), ракии, видови сокови

  Учениците стекнаа знаења за начинот и видот на производство на виното- дрвените буриња се користат за црвено и розе вино, а иноксните буриња за бело вино.





## Село Ваташа - Спомен куќата на Страшо Пинџур

Спомен куќата на Страшо Пинџур за прв пат е отворена во 1958 година кога е прогласена за меморијален Спомен-музеј во кој е сместена историска поставка за животот и делото на народниот херој Страшо Пинџур.

Музејот се состои од два дела: битов дел- во кој се доловува внатрешниот амбиент на куќата во која живеело семејството Пинџур и документарен дел- изложба за запознавање на посетителите со најважите моменти од животот и револуционерната дејност на Страшо Пинџур.

Овој споменик на културата е збогатен со документи, фотографии  и други материјали кои откриваат  моменти од животот на народниот херој и е заштитен како споменик на културата. Куќата на Страшо Пинџур е посетена од голем број на граѓани и туристи.

Учениците се запознаа накратко со детството, животот и делото на Страшо Пинџур. Тој многу мал останал сирак, неговата баба го израснала, но сепак никогаш не застанал пред своите соништа и успеал да заврши училиште, па дури и факултет во Белград, Жалосно е што нема гроб, а и самиот додека бил жив во некој момент рекол: „Ќе умрам млад и нема да ми се знае гробот“- Го убиле, исечкале неговот тело и го фрлиле во река. Неговото животно дело и ден денес се спомнува.





Тема : Посета на знаменитости, објекти од општествен и културен карактер
**Дата на реализација**: 30.05.2025 год.
**ООУ ,,Наум Охридски“ с. Булачани и с.Црешево**
**ООУ,,Његош“ с.Јурумлери**
**Одговорни наставници: Сунчица Стојковска III-a, Соња АпостоловскаТрајковска III-б, асистент Ружица Тенекеџиевска**
**Одделенски наставници: Весна Петковиќ III-1, Гордана Стојановска III-2**

- Учениците безбедно пристигнаа според предвиденото време и агенда во попладневните часови во 18 часот.

На 03 Октомври учениците од I до IX одделение од нашето училиште, заедно со своите наставници , реализираа еднодневен есенски излет од рекреативен карактер во Парк шума Гази Баба. Низ игра, смеа и дружење учениците поминаа еден убав есенски ден.

Еднодневно пролетно уживање на 09 јуни во спортско рекреативниот центар Хиподром! Излетот е едукативен, забавен и исполнет со позитивна енергија. Учениците уживаат во прошетка во околината,заеднички игри и дружење на свеж воздух.

-Во рамките на **Code Week** се реализираа два проекти codeanimal и CoDiNg учениците од второ, четврто и петто одделение ги реализираа овие проекти. Преку овие проекти учениците ги зголемија своите способности за кодирање.

## ИЗВЕШТАЈ

## еТвининг училиште

Преку **eTwining** платформата се реализираа проекти:

-A.C.T.I.V.E
-Citizen of nature
-Litlle digital citien act together
-Our values
-My culture my hertrige
- капка по капка во иднината

eTwining награда за најдобро **eTwining** основно училиште 2025-2026 :
Тим е Твининг на ООУ,, Наум Охридски,, с.Булачани

Со гордост објавуваме дека со посветеноста, трудот и напорот на одговорните наставници Соња Апостоловска – Трајковска, Елена Максимовска, Биљана

Белогаска, Александра Мирческа ги исполнивме критериумите и бевме избрани за оваа титула eTwinning училиште.







**ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ ОД ЕРАЗМУС+ ПРОЕКТ (07.04.2025 – 11.04.2025)**

Action Type KA210-SCH - Small-scale partnerships in school education (KA210-SCH)

Име на проектот:

GROWING UP TOGETHER - РАСТЕМЕ ЗАЕДНО

Место на одржување:

Училиште: H.LUTFI PAMUKCU ORTAOKULU - Türkiye

Период: Прва мобилност

07.04.2025 – 11.04.2025

ДЕН 1 – 07.04.2025 (Понеделник)

Првиот ден започна со церемонија за добредојде, на која имаше изведба на традиционален народен танц и музика. Следуваше обиколка на училиштето, при што учесниците се запознаа со просториите и наставниците.

Гледавме воведни видеа за земјата, градот и училиштето, како и презентација за прегледот на проектот. Во попладневниот дел, учесниците читаа и дискутираа приказни за раст и промена, анализирајќи карактери со фокус на развојот и нивните „патувања“. Завршивме со читање приказни поврзани со синдромот на Петар Пан и размислување за личните искуства на раст.

ДЕН 2 – 08.04.2025 (Вторник)

Денот започна со активност за загревање, по што следеше вовед во креативно пишување. Учениците беа инспирирани од „Малиот принц“, преку презентации, визуелни материјали и музика, а потоа напишаа свои полуприказни поврзани со темата „Патувањето на херојот“. Приказните беа читани на глас и илустрирани со цртежи, а потоа и глумени во кратки сценски изведби. На крајот беше пополнета анкета за евалуација.

ДЕН 3 – 09.04.2025 (Среда) Третиот ден беше фокусиран на синдромот на Петар Пан. По воведната активност, следеше интерактивна дискусија и практична работилница за стратегии за справување. Имаше активности за мапирање на емоции и тркало на растот, каде што учениците ги дефинираа своите лични чекори на развој. Попладне се реализираа активности со тема одговорност, насочени кон улогите дома, во училиштето и општеството.

ДЕН 4 – 10.04.2025 (Четврток) Во четвртиот ден се одржа работилница за развивање приказни. Учесниците ги подобруваа своите претходно напишани приказни користејќи ја техниката на станица, каде секоја група работеше на различен дел од иста приказна (вовед, развој, заклучок), ротирајќи помеѓу станиците. Приказните беа споени и презентирани во групи. Активностите беа евалуирани со дневна анкета.

ДЕН 5 – 11.04.2025 (Петок) Последниот ден беше наменет за изложби. Учениците ги презентираа своите приказни, цртежи и фотографии од изминатите денови. Изложбата беше отворена за родители, наставници и гости. Во свечена атмосфера беа доделени сертификати за учество, по што следеше завршна церемонија со музика и благодарности.





ЕРАЗМУС+Проект на првата мобилност на која беа 8 ученици и 4 наставници од нашето училште во училиштето H.LUTFI PAMUKCU ORTAOKULU - Турција во периодот од 07.04.2025 до 11.04.2025 година. Програмата беше успешно реализирана, со висока мотивација кај учениците и позитивна атмосфера. Целите за личен раст, креативен израз и дискусија за одговорност беа целосно постигнати. Учениците и наставниците се вратија со позитивни впечатоци од пет незаборавни дена. Наставниците кои беа ги раскажуваа своите импресии од посетата на училиштето во Турција. Кординаторот напомена дека во периодот од 18 до 24 мај нашето училиште ќе биде домаќин и наши гости ќе бидат од Турција и Романија, и треба да се подготвиме и да ги пречекаме каде учество ќе земат и родителите. А во месец Октомври нашето училиште ќе биде гостин во Романија.

2024-1-TRO1-KA210-SCH-000247654

GROWING UP TOGETHER- РАСТЕМЕ ЗАЕДНО

ИЗВЕШТАЈ ЗА ВТОРА МОБИЛНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА

Место на одржување: ООУ Наум Охридски, с. Булачани, Скопје, Северна Македонија

Период: 19.05.2025 – 23.05.2025

ПОНЕДЕЛНИК,19 МАЈ 2025

ДЕН 1: Добредојде и претставување

ПРЕТПЛАДНЕ (9:00-12:00);

Денот започна со церемонија за добредојде, вклучувајќи традиционален народен танц и музичка изведба за претставување на локалната култура. Следеше активност за кршење мраз, охрабрувајќи ги учесниците од партнерските училишта да комуницираат и да се запознаат.

Беше презентирано претставување на училиштето преку кратка обиколка и формално претставување од страна на клучниот персонал.

За време на прегледот на проектот, координаторот на училиштето ги презентираше целите за неделата. Секој учесник го додаде своето име на симболично дрво за да го претставува единството.

Вовед Беа споделени видеа за секоја земја, град и училиште, по што следеше кратка сесија со прашања и одговори за да се промовира културна размена.

ПОПЛАДНЕ (13:00-16:00):

Активноста „Дрво на одговорност“ беше воведена преку кратка презентација и дискусија. Учениците учествуваа во сесија „Целосно се согласувам/Не се согласувам“, дискутирајќи за изјавите поврзани со одговорноста.

Во групните дискусии, мешаните тимови разменија мислења за личните одговорности, идентификувајќи ги своите омилени и најмалку омилени.

Следеше активност за поставување цели, каде што учесниците идентификуваа лични и групни краткорочни и долгорочни цели, кои ги споделија со своите врсници.

ВТОРНИК, 20 МАЈ 2025

ДЕН 2: Креативност и одговорност (20.05.2025)

ПРЕТПЛАДНЕ (9:00-12:00):

Утрото започна со вовед во Креативната работилница, фокусирајќи се на истражување на одговорноста преку приказни, скечеви и стрипови.

Учениците учествуваа во дискусија за концептот на одговорност, споделувајќи примери од секојдневниот живот и пишувајќи ги своите лични одговорности на лепливи ливчиња.

Визуелна и музичка презентација го истакна влијанието на одговорноста во ситуации од реалниот живот.

Учениците размислуваа за сопствените одговорности, креираа листи на одговорности и споделуваа размислувања во парови.

ПОПЛАДНЕ (13:00-16:00):

Учениците формираа групи и изведоа кратки скечеви демонстрирајќи одговорно и неодговорно однесување.

Врз основа на нивните скечеви, групите креираа стрипови што го илустрираа концептот на одговорност.

Денот заврши со завршна рефлексија, каде што учесниците ги презентираа своите креативни резултати и споделија лични сознанија.

СРЕДА, 21 МАЈ 2025

ДЕН 3: Симболизам и градење тим (21.05.2025)ПРЕТПЛАДНЕ (9:00-12:00):

Денот започна со игра „Штафета за одговорност“ за да се поттикне и изгради тимска работа.

Следеше дискусија за тоа како одговорноста се појавува во различни области од животот.  Учесниците напишаа писма до своите идни себеси за одговорност што имаат за цел да ја подобрат.

Во активноста за сортирање на одговорностите, учениците ги категоризираа примерите на одговорности во училиште, дом и општествен живот и дискутираа за преклопувањата.

ПОПЛАДНЕ (13:00-16:00):

Учениците беа запознаени со симболиката на дизајнот на дрвото, со корени, стебло и гранки што претставуваат различни аспекти на одговорноста.

Користејќи различни техники на декорација, секоја група го дизајнираше своето „Дрво на одговорност“.

Во групните презентации, секој тим ја објасни симболиката и значењето зад нивните украсени елки.

Групната рефлексија им помогна на учесниците да го консолидираат она што го научиле.

ЧЕТВРТОК, 22 МАЈ 2025

ДЕН 4: Заедница и рефлексија (22.05.2025)

ПРЕТПЛАДНЕ (09:00-12:00)

Утрото започна со квиз за одговорност со преглед на лекциите од неделата.

Дискусија ја истражуваше одговорноста во заедницата, по што следеше сесија за размена на идеи за мини проекти во заедницата.

Секој ученик креираше „Мапа на одговорност“ за да ги визуелизира и да ги рефлектира своите дневни задачи.

ПОПЛАДНЕ (13:00-16:00)

Секој учесник креираше „Гранки на одговорност“ што ги претставуваат домашните, училишните и општествените должности.

Овие гранки потоа беа додадени на нивните индивидуални дрвја.

Учениците ги презентираа своите гранки и ги објаснија нивните значења.

Беше креирано заедничко „Големо дрво на одговорност“ користејќи ги сите индивидуални гранки.

Денот заврши со рефлексии и конечно обврзување кон акција поврзана со одговорноста.

ПЕТОК, 23 МАЈ 2025

ДЕН 5: Прослава и затворање (23.05.2025)

ПРЕТПЛАДНЕ (9:00-12:00):

Денот започна со изложба на Дрвја на одговорност каде што групите ги претставија своите дела.

Фото изложба прикажа најважни моменти од работилниците и активностите од неделата.

Сите креативни резултати - скечеви, стрипови, приказни - беа изложени за сите да ги ценат.

Учесниците се подготвија за попладневната церемонија, ги финализираа своите изложби и се подготвуваа за завршниот настан.

ПОПЛАДНЕ (13:00-16:00):

Членови на семејството и специјални гости присуствуваа на завршната изложба и церемонија.

Учесниците ги презентираа своите креативни дела и споделија лични искуства.

За време на церемонијата на доделување сертификати, секој учесник доби сертификат со кој се признава нивниот раст и придонес.

Неделата заврши со завршни забелешки и завршни размислувања, нагласувајќи ја важноста на практикувањето одговорност надвор од настанот.

По планираните училишни активности, гостите имаа можност да истражуваат и да посетат места во Скопско. Посета на Музејот на Стара Чаршија и Факултетот за уметности. Посетивме различни занаети. Посетивме златар, филигрански техничар, изработувач на шапки и продавници за сувенири. Посетивме Канон Матка и имавме патување со брод до пештерата Врело. Двајца наставници и двајца ученици од секој партнер го посетија градоначалникот на нашата општина и добија подароци. По завршувањето на програмата во затворен простор, ги посетивме и градот Битол, Националниот парк Галичица, Св. Наум Охридски и Охрид. Овие активности по училиште им помогнаа на учениците и наставниците да работат заедно, да бидат мотивирани и креативни. Ова им помогна да бидат повеќе вклучени и слободни во проектните активности, поддржувајќи ги главните цели на проектот.

**Заклучок:**

Настанот „Истражување на одговорноста“ успешно ги вклучи учесниците во интелектуално и креативно истражување на одговорноста. Преку различни интерактивни и уметнички активности, учениците размислуваа за своите улоги во личниот, училишниот и општествениот живот. Завршната изложба и церемонија го прославија напредокот, креативноста и соработката прикажани во текот на целата недела.




Место: СКОПЈЕ/МАКЕДОНИЈА Датум: 11.04.2025

(КООРДИНАТОР) ДИРЕКТОР НА УЧИЛИШТЕТО

**АЛЕКСАНДРА МИРЧЕСКА** **ЕЛИЗАБЕТА АНДОВА**

**Реализација на проектот отварање на нова спортска сала во ООУ „Наум Охридски„ во централното училиште на  с.Булачани**

На 24.11.2024 ја пуштивме во употреба новата училишна спортска сала за учениците од ООУ,,Наум Охридски,, во Булачани.
Учениците добиваат современи услови за реализација на наставата по Физичко и здравствено образование и веруваме дека токму од оваа училишна спортска сала ќе излезат врвни спортисти со кои ќе се гордееме сите.





**Реализација на проектот поставување на камен темелник на нова спортска сала во ООУ „Наум Охридски„ во подрачното училиште на с.Црешево**

По 61 година на 24.12.2024 ПООУ,, Наум Охридски,, с. Црешево добива училишна спортска сала.

Свечено поставување на камен темелник на спортска сала ПООУ ,,Наум Охридски,, с.Црешево.





## Извештај за одбележани денови во одделенска настава

| Одбележани денови во одделенска настава со меѓуодделенска соработка помеѓу учениците. | |
|---|---|
| Ден на независноста | 07.09.2024 |
| Светски ден на отпадот | 15.09.2024 |
| Европска недела на мобилност | 19.09.2024 |
| Меѓународен ден без автомобили | 22.09.2024 |
| Европски ден на јазиците | 26.09.2024 |
| Ден на животните | 04.10.2024 |
| Ден на наставниците | 05.10.2024 |
| Јас и светот околу мене | 06.10.2024 |
| 11 Октомври – Ден на народното востание на македонскиот народ | 11.10.2024 |
| Светски ден на сиромаштијата и гладта | 20.10.2024 |
| Eu code week | 22.10.2024 |
| Детска атлетика | 30.10.2024 |
| Светски ден на растителната храна | 01.11.2024 |
| Негување здрави навики за конзумирање здрава храна | 08.11.2024 |
| 13 Ноември роденден на нашиот град | 13.11.2024 |
| Светски ден на детето | 20.11.2024 |
| Светски ден на Здраво | 21.11.2024 |
| Меѓународен ден на лицата со посебни потреби | 01.12.2024 |
| Крени глас против врсничкото насилство | 06.12.2024 |
| 8 Декември Св. Климент Охридски | 08.12.2024 |
| Меѓународен ден на планините | 11.12.2024 |
| Меѓународен ден на чиста енергија | 26.01.2025 |
| Меѓународен ден на мочуришта | 02.02.2025 |
| Одбележана недела на интернетот и информатика | 08.02.2025 |
| Ден на виното и љубовта | 14.02.2025 |
| Меѓународен ден на мајчиниот јазик | 21.02.2025 |
| Ден на ретките болести | 28.02.2025 |
| Мартинки и Ден на шегата | 01.03.2025 |
| Меѓународен ден на инвалитска количка | 01.03.2025 |
| Меѓународен ден на жената | 08.03.2025 |
| Меѓународен ден на заштита на реките | 14.03.2025 |
| Ден на пролетта | 21.03.2025 |
| Интернационален ден на заштеда на водите | 22.03.2025 |
| Ден на театарот | 27.03.2025 |
| Ден на шегата и смеата | 01.04.2025 |
| Недела на аутизмот | 05.04.2025 |
| Ден на македонскиот фудбал | 09.04.2025 |
| Рамазан Бајрам | 10.04.2025 |
| Ден на планетата Земја | 22.04.2025 |
| Креативна велигденаска работилница | 25.04.2025 |
| Ден на македонското знаме и семејството | 16.05.2025 |
| Меѓународен ден на чајот | 21.05.2025 |
| Одбележан ден на сесловенските просветители Кирил и Методиј | 24.05.2025 |
| Светскиден на пеперутките | 28.05.2025 |

## Извештај за учество на натпревари

**Учество на натпревари**
На ден 10.10.2024 Се оддржа есенски крос во кои учествуваа повеќе од 300 ученици од општинските основни училишта во Гази Баба.

На ден 15.10.2024 година во спортската сала Бобан Ивановиќ при ООУ Кирил и Методиј во присуство на Градоначалникот на Општина Гази Баба г-дин Бобан Стефковски започнаа општинските спортски лиги во футсал, кошарка и одбојка организирани од Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба и Општина Гази Баба.

Во организација на **Општински сојуз на училишен спорт на Гази Баба** , денес во спортската сала во ООУ ,,Кирил и Методиј"- Стајковци се организираа спортски активности за учениците од 5-то одделение под мотото "Кошарката моја игра", каде учество земаа ученици од сите основни училишта од Општината Гази Баба. Целта на оваа активност е промоција на кошарката како спорт и вклучување на учениците од најмала возраст во спортските натпревари.

- На ден 14.11.2024 во училишната спортска сала при ООУ ,,Вера Јоциќ", во организација на **Општински сојуз на училишен спорт на Гази Баба** Општински сојуз на училишен спорт Гази Баба , се одржа натпревар за ученици од трето одделение ,,Полигон за деца од одделенска настава", во кој земаа учество сите основни училишта од Гази Баба.

- На 31.01.2025г. (петок) се одржа општинскиот натпревар по математика за учениците од IV до IX одделение. На натпреварот учествуваа ученици од нашето училиште и постигнаа солидни резултати.

| Ред.бр | Име и презиме | Одд | Вкупно | н/п |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Дамјан Ивановски | 5 | 59 | III |
| **2.** | Ања Божиновска | 5 | 66 | III |
| **3.** | Калина Цветковска | 5 | 84 | III |
| **4.** | Марко Цветковски | 5 | 64 | III |
| **5.** | Максим Петрушевски | 5 | 59 | III |
| **6.** | Елена Неделковска | 5 | 59 | III |
| **7.** | Јаков Спасовски | 5 | 55 | III |
| **8.** | Виктор Димовски | 5 | 71 | II |
| **9.** | Андреј Јовчевски | 6 | 47 | Пофалница |
| **10.** | Ива Стојановска | 6 | 42 | Пофалница |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11.** | Анастасија Ничевска | 6 | 52 | Пофалница |
| **12** | Мила Здравковска | 7 | 56 | III |

- На 14.02 .2025 во нашето училиште се одржа натпревар по биологија под менторство на наставничката Катерина Трифунова Лозановски

Учество земаа 12 ученика кои ги постигнаа следните резултати:
Димитар Атанасовскин 7 одд. II награда
Мила Здравковска 7 одд. II награда
Искра Трајковска 7 одд. III награда
Јана Велковска 7 одд. Учество
Теона Димовска 7 одд. Учество
Теона Николовска 8 одд. III награда
Михаела Павловска 8 одд.III награда
Огнен Петрушевски 8 одд. Пофалница
Кристина Ѓоршиевска 8 одд.Пофалница
Ева Стојковска 9 одд.III награда
Ена Стојковска 9 одд .Пофалница
Исидора Николовска 9 одд. Учество

- На ден 21.02, во нашето училиште се одржаа училишните натпревари по англиски јазик за учениците од V-IX одделение. На натпреварите учествуваа 70 ученици, од кои најдобри резултати остварија следниве ученици:

V одделение
1 место-Софија Спасовска Va одд
2 место-Елена Неделковска Vб одд
3 место-Исидора Ѓорѓиевска Va одд
VI одделение
1 место-Милена Паунковска VIa одд
2 место-Зоки Ивановски VIa одд
3 место-Ива Стојановска VIa одд
VII одделение
1 место-Димитар Атанасовски VIIб одд
2 место-Бојан Трајковски VIIб одд
3 место-Борјан Тодоровски VIIб одд
VIII одделение
1 место-Михаела Павловска VIIIa одд
2 место-Дејана Ивановска VIIIa одд
3 место-Димитар Спасовски VIIIб одд
IX одделение
1 место-Матеа Ничевска IXa одд
2 место-Бојан Трајковски IXa одд
3 место-Исидора Николовска IXa одд

- На 25.02.2025г. во просториите на Детски културен центар ,, Карпош’’- Скопје беше реализирана Ученичка квизотека. Нашите ученици Доријан Абдулов од 8а одд., Матеа Ничевска од 9а одд. и Јелена Димовска од 9б одд.се вложија максимално во оваа квизотека и го освоија второто место.

Ментор на нашите ученици беше проф.м-р Јована Димовска

- На 28.02.2025 год. се одржа општински натпревар по природни науки, на натпреварот учениците од петто одделение ги постигнаа следните резултати:

Ема Стојановска - II место
Калина Цветковска - II место
Марко Цветковски–III место
Марко Здравковски –III место
Софија Спасовска –III место

- На 28.03.2025 се одржа регионален натпревар по биологија.Од нашето училиште учествуваа 11 ученика и ги постигнаа следните резултати:

7одд.
Искра Трајковска II награда
Мила Здравковска III награда
Теона Димовска пофалница
Димитар Атанасовски пофалница
Јана Велкпвска пофалница
8одд.
Кристина Ѓорѓиевска III награда
Огнен Петрушевски III награда
Михаела Павловска III награда
Теона Ноколовска III награда
9одд.
Ева Стојковска III награда
Ена Стојковска III награда

- На државниот натпревар по англиски јазик во организација на ЕЛТАМ, ученичката Матеа Ничевска од 9а и Михаела Павловска од 8 одделение освоија трета награда

Ментор: Мирјана Ивановска-наставник по Англиски јазик

- На ден 20.05.2025г. во фискултурната сала ООУ ,,Кирил и Методиј"-Стајковци се организираа спортски активности за учениците од 5-то одделение во вид на Меморијален турнир во чест на Иван Илиев. Турнирот е под мотото ,,Кошарката моја игра" и во него учество земаа ученици од сите основни училишта од Општина Гази Баба

- ДЕТСКА АТЛЕТИКА за учениците од IV одд. на кој учествуваа 120 ученици од сите основни училишта од општина Гази Баба.

На ден 22.05.2025г. нашите ученици од IV одделение земаа учество во спортските активности при Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба кои се организираа во ООУ "Григор Прличев" - Железара. Се натпреваруваа во дисциплините:
фрлање ѓуле, скок во далечина, штафета, скокови, фрлање копје, проценка на издржливост, прескокнување препреки, скокање на јаже.

- На ден 03.06.2025 година (вторник) се одржа општински атлетски натпревар во тркачки, скокачки и фрлачки дисциплини помеѓу сите основни училишта на територијата Гази Баба на атлетските борилишта при ООУ. Н.Н. Борче организиран од Општински сојуз на училишен спорт на Гази Баба. Нашите ученици земаа учество на тој натпревар и постигнаа одлични резултати.

Фрлање ѓуле машки 8-9 одд
Ивица ДимчевскиI место
Фрлање ѓуле женски 8-9одд
Јана Маневска II место
100 метра машки 8 одд
Матеј Димовски II место
Скок во височина женски
6-7 одд Неда Урошевска I место
Скок во далечина машки 6-7 одд
Маријан Белобрадиќ II место
Скок во далечина машки 8-9 одд
Матеј Ангеловски III место

## Производствена и друга општествено – корисна работа

Целта на овој вид ,,работа,, е да се развива позитивен однос кон работата воопшто, да се негува почит кон работниот човек, средствата за производство, да се придонесува за правилно сваќање на улогата на физичкиот и интелектуалниот труд во животот на човекот.
Во текот на полугодието беа спроведени следниве акции:
- Естетско уредување на училиштето и училишниот двор,
- Изработка на новогодишни украси,
- Украсување на училниците и ходниците во чест на Нова година.
- Украсување на училиштата за осми март,
- Украсување на училиштата за денот на пролетта.

## Ученички организации

Планираните активности на детската организација за овој период се реализирани.Членовите на организацијата беа вклучени во одбележувањето на значајни настани и празници ( Денот на независноста и самостојноста на РСМакедонија, Детската недела, Светскиот ден на мирот, 11 Октомври, 24 Октомври – денот на ОН, Денот на толеранцијата, Прием на првачиња во ПЦК ).

**ИЗВЕШТАЈ**
**за спроведени активности од Детска организација**

Нашето училиште **,,ООУ Наум Охридски,,** учествуваше на однапред планирани активности за развој на психофизичкиот, емоционален и друштвен развој за подобро прилагодување и поуспешна настава кај најмладите ученици првачињата.

- На почетокот на годината септември 2024 со пригодна програма,во училишниот двор се реализираше приемна приредба во чест на првачињата изведена од страна на учениците од другите одделенија. Со тоа се поттикна ведро расположение кај првачињата.

- паралелно на тоа беа избрани членови на детската организација од страна на учениците.

- Во месецот на децата Октомври 2024 и неделата на сите деца во светот, со посебна чест и пригодна програма првачињата влегоа во Детската организација . Првачињата се почувствуваа дека припаѓаат и се дел од целата група на ученици во која нивните права секогаш ќе бидат почитувани. Детската недела и оваа година беше одбележана во нашето училиште со низа активности,творби и работилници под мотото ,,Правата на детето-безбеден чекор кон среќно детство“.

На почетокот од неделата учениците од одделенската настава преку презентации се потсетија на одредбите од Конвенцијата за правата на детето,а потоа со своите наставници реализираа работилници преку кои ги презентираа правата и обврските на детето.

На ден 9.10.2024 год учениците твореа ликовни и литературни творби на тема ,,Правата на децата“, но и на тема ,,Мојата наставничка“, со што активностите ги поврзавме и со светскиот ден на учителот ,,5 –ти Октомври“.

На ден 10.10.2024 год. се организираше кратка приредба за првачињата за прием во Детската организација,на која им беа презентирани дел од правата и обврските на децата,малку се пееше и играше преку неколку ритмички точки,а исто така неколку ученици ги прочитаа и своите напишани литературни творби.На крајот првачињата свечено ја рецитираа песничката ,,Ветување“.

-Во месеците ноември и декември во соработка со стручната служба во нашето училиште беа спроведени неколку работилници со учениците на тема,,Стоп булинг’’ за јакнење на менталното здравје кај учениците.

- Во месец декември 2024 во пресрет на најубавите новогодишни празници беа организирани креативни работилници со учениците и родителите за украсување на училниците и ходниците,како и за изработка на новогодишни честитки,литературни и ликовни творби.

- На почетокот од месец Март 2025 год. во пресрет на Меѓународниот ден на жената беа организирани креативни работилници со учениците за изработка на честитки,литературни и ликовни творби, со што учениците се стекнаа повторно со чувство на припадност и негување на својата традиција и дружење..

- Во месец Април 2025 на денот на шегата со својата креативност се претставија само учениците од 1 до 5 одделение. Своите изработени маски ги презентираа на училишниот маскембал,во училишниот двор.Се слушаше неизмерна смеа, хумор и ведро расположение.

- На крајот на годината се додели пофалница на најактивниот член на детската организација и му се додели награда и пофалница со што предизвика поттик за подобра комуникација, соработка, дружење и прифаќање на групата од страна на другите ученици.

-Учениците преминуваат во второ одделение, но и понатаму активно ќе соработуваат и ќе придонесуваат за подбар развој на училиштето, својата училишна заедница и создавање на позитивна клима со подобро дружење, соработка, соживот и меѓусебно почитување.

Одговорен наставник
Билјана Антанасова

## ИЗВЕШТАЈ од ПЦК

Годишната работа на ПЦК се одвиваше во неколку етапи од самиот почеток кога се и првите подготовки за нејзината работа па и понатаму со нејзина реализација.

Во октомври беше реализиран проектот насилен екстрмизам.Кој е дел од проектот„Сплотени градиме отпорна заедница“кој е добиен врз основа на потпишаниот меморанудум на општина Гази Баба со Ла страда и Отворена порта.

Учество во ЦКА-ПХВ.Учестваа 5 ученика од нашето училиште.

Акции во **октомври** како, „Весела контрола“(хигиена),
„Најдобро уредена училница“ - акција за чистење и грижа за зеленилото

Во **ноември** се реализираше,предавање на тема
„Месецот за борба против пушењето,алкохолот и наркоманијата“.

Во **декември** беше реализирано,
01-07„Недела на борба против сидата“ како и
предавање за „Заштита на забите“.

Во **февруари** одржување на хигиената на ходниците,дворот.

Во **март** „Недела во борба против ракот“(1-7)-предавање
„Ден на крводарителство во Р.М.(17 март)

Во **април** „Меѓународен ден на здравјето“(7 април)-предавање

Во **мај** „8 Мај Светски ден на Црвениот крст“

Во **јуни** акција на собирање на стари учебници
Активностите за оваа година беа во целост реализирани.

**Одговорен наставник**
**Биљана Белогаска**

## Годишен извештај за работа на ученичкиот парламент

| Планирани активности (согласно Акцискиот План) | Реализирани активности (краток опис) | Временска рамка | Број на учесници |
|---|---|---|---|
| **Изготвување акционен план на училиштето** | Конкретно испланирани активностите за поуспешна реализација на законските измени во однос на правата и обврските на учениците | Август | 6 |
| **Обука на тимот наставници од предметна и одделенска настава и стручна служба** | Зајакнати капацитети на наставниците од предметна настава за спроведување модели на ученичко учество и заштита на детските права во рамки на училиштето | Август | 50 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Информирање за улогата на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител на останатите субјекти во училиштето** | Обезбеден сеопфатен училишен приод за демократска партиципација на учениците преку:<br>Мотивирање на поголем број класни раководители за активно учество во спроведување на процедурите.<br>Стекната поддршка на претставници на Советот на родителите<br>Информирани ученици | Септември-Октомври | 400 |
| **Спроведување на процедурата за избор на претседател во одделенските заедници** | Формирани тела со ученици од одделенските заедници согласно демократските процедури | Октомври | 370 |
| **Спроведување на процедура за избор на ученички парламент** | Формиран ученички парламент и избрани координатори и координаторно тело на ученичкиот парламент | Октомври | 18 |
| **Работилница 1 „Имам право да ги знам моите права“** | Запознаени ученици со содржината и значењето на Конвенцијата за права на детето, прилагодени кон соодветната возраст на учениците | Ноември | 40 |
| **Состаноци со одделенски заедници**<br><br>**Состаноци со ученички парламент**<br><br>**Состаноци со ученик правобранител** | Подобрена состојбата на имплементацијата за ученичкото учество и заштитата на детските права во училишниот живот, развивање на критичко мислење кај учениците, поддршка за проактивно учество во донесување на одлуки<br>Подобрена состојбата на имплементацијата за ученичкото учество и заштитата на детските права во училишниот живот, развиено критичко мислење кај учениците, поддршка за проактивно учество во донесување на одлуки<br>Промовира, дава, поддршка и заштита на учениците | Октомври / Ноември / Декември<br><br>Октомври / Ноември<br><br>Декември | 351<br><br>18<br><br>19 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Дебата 3**<br>**Учениците треба да учествуваат во формирање на оценката** | Аргументирано дискутираат и изнесуваат факти за оценувањето | Мај<br>2025 | 3 часа |
| **Работилница**<br>***Интеркултурно образование*** | Применуваат правила со кои се одвива дебата помеѓу најмалку две спротивни страни,со аргументи за почитување и толеранција | Мај<br>2025 | 3 часа |
| **Дебата 3**<br>**Учениците треба да учествуваат во формирање на оценката** | Аргументирано дискутираат и изнесуваат факти за оценувањето | Мај<br>2025 | 3 часа |

Активностите на Ученичката заедница се речиси целосно реализирани според Програмата за работа на УЗ. Активностите се реализирани со физичко присуство.

Покрај предвидените активности со Акцискиот план за работа, Ученичката заедница реализираше и Велигденски базар.

Одговорен наставник: Александра Величковска

## Активности за грижа на училиштето за здравјето на учениците

Во училиштето тековно се реализираат активностите предвидени со програмата за грижа на училиштето за здравјето на учениците.

На почетокот на учебната година, на родителска средба, родителите беа запознаени со можноста за осигурување на учениците, кое се изврши на доброволна основа за сите ученици од училиштето.

Беа организирани неколку предавања за одредени заразни болести:

Заштита и безбедност на децата на интернет (октомври)

Заштита од онлајн меѓуврсничко насилство ( ноември)

- **СИДА**, одбележување на Светскиот ден за борба против сидата, 1- ви декември.

Организирана работилница од ПЦК ,, Превенција и заштита од ХИВ СИДА и сексуално преносливи болести ,, за учениците од IX одделение.

Одделенските раководители посветија внимание и на подобрување на здравјето на учениците:

- дискусија за „**Умерена и разновидна исхрана-важна за здравјето на учениците**" одбележување на 16 Октомври: Светски ден на храната (октомври).

Се обрна внимание и на подигнување на здравствено воспитување со што се допринесе во изградување на здрава личност (психички, физички и социјална)

способна да се грижи за своето здравје и здравјето на своето семејство, поблиската околина и заедница.Работилниците се реализираа онлај.

-Во училиштето има Комисија за следење на заразни болести која има изработено План за следење на заразни болести, според кој ќе се дејствува доколку се појави некоја заразна болест меѓу учениците.

- 27.10.2024- Превенција од droги и штетни влијанија од алкохолот. –(за учениците од предметна настава)

07.04.2025 –Здрава исхрана и последици од неправилната исхрана

24.03.2025 – Превенција од туберкулоза

Посета на институција на подрачната канцеларија на Црвен Крст на Гази Баба назив Општинска организација на Црвен Крст на Гази Баба

28 февруари-Ден на ретките болести

Децата со ретки болести не смеат да бидат сегрегирани по основ на својата состојба Да им помогнеме во лечењето на сите оние на кои им треба кое изускова специфични протоколи и медикаменти. „Ретките се ретки“- Помогни, сочуствувај, сподели и дарувај.

## Извештај за систематски прегледи кај учениците и вработените

Учениците од училиштето редовно имаат систематски прегледи и се имунизираат според планот на Здравствен дом, одделение за имунизација и систематски прегледи кое праќа покани до училиштето, а учениците заедно со одделенските раководители се придржуваат кон тие термини.

Во училиштето се изведуваат активности за едукација за орално здравје преку организирани работилници на тема: „Градба и функција на орална празнина” и „Правилна исхрана и контрола во внес на шеќери„, како и превентивна стоматологија на покана од Здравствен дом, одделение за превентивна стоматологија според нивниот распоред:

| Датум | Одделение | Машки / женски ученици | Преглед / забно / вакцина | Место |
|---|---|---|---|---|
| 23.09.2024 – Булачани 24.09.2024 - Цршево | IX одделение | Сите | Систематски преглед и Вакцина Реваксис | Поликлиника Ченто |
| 30.09.2024 – Булачани 01.10.2024 - Цршево | VII одделение | Сите | Стоматолошки преглед и залевање | Поликлиника Ченто |
| 17.10.2024 | II одделение | Сите | Вакцинација Tetraxim (дифтерија, тетанус, голема кашлица, | Поликлиника Ченто |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | детска парализа) | |
| 21.10.2024 – Булачани, Раштак 22.10.2024 - Црешево | I одделение | Сите | Систематски преглед, МРП вакцина | Поликлиника Ченто |
| 01.11.2024 – Црешево, 04.11.2024 – Булачани | VI одделение | Сите | Стоматолошки преглед и залевање на трајни заби | Поликлиника Ченто |
| 13.12.2024 – Булачани 16.12.2024 – Црешево | V одделение | Сите | Стоматолошки преглед и залевање на трајни заби | Поликлиника Ченто |
| Август/Септември 23.12.2024 | Вработени | Сите | Систематски преглед Санитарен преглед | Поликлиника Железара Во училиште |
| 13.02.2025 - Црешево и Раштак 14.02.2025 - Булачани | IV одделение | Сите | Стоматолошки преглед и залевање на трајни заби | Поликлиника Ченто |
| 14.02.2025 | V одделение | Сите | Систематски преглед | Поликлиника Ченто |
| 27.02.2025 - Црешево 28.02.2025 - Булачани | VII одделение | Сите | Систематски преглед, Вакцина ХПВ | Поликлиника Ченто |
| 18.03.2025 - Црешево 19.03.2025 - Булачани | III одделение | Сите | Стоматолошки преглед и залевање на трајни заби | Поликлиника Ченто |
| 11.04.2025 - Црешево 14.04.2025 - Булачани и Раштак | II одделение | Сите | Стоматолошки систематски преглед и залевање на трајни заби | Поликлиника Ченто |
| 15.05.2025 - Црешево 23.05.2025 Булачани и Раштак | I одделение | Сите | Стоматолошки систематски преглед и залевање на трајни заби | Поликлиника Ченто |

## Стручно усовршување на наставно – воспитниот кадар
## Професионален развој на образовниот кадар

Наставниците ги посетуваа семинарите организирани од МОН и БРО , Фондацијата „Чекор по чекор“,и ,,Институт за човекови права,, кои ќе придонесат за изведување на поквалитетен воспитно – образовен процес. Во текот на годината наставно – воспитниот кадар ги посети планираните семинари и обуки:

| Обука | Организатор | Време на реализација | Наставници кои ја посетиле обуката | Потврда/ сертификат |
|---|---|---|---|---|
| Стратегии,методи и техники за работа со надарени ученици | Биро за развој на образование | Септември | Сите наставници | Сертификат |
| Професионална соработка на наставниците(стручни активи,заедници за учење,менторство) | Биро за развој на образование | Ноември 2024 | Сите наставници Стручна служба | Сертификат |
| Обука “Работилница за јакнење на капацитетите за превенција од радикализација која води до насилство и рехабилитација и реинтеграција на ранливи групи во заедницата” | Nexus граѓански концепт, GCERF | 03.06.2024 04.06.2024 | Стручна служба | Сертификат |
| Обука “Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима на час” | БРО | 26.08.2025 | Специјален дукатор и рехабилитатор | Сертификат |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Обука "Превенција на насилство меѓу децата во училиштата и остварување на соработка и комуникација со полицијата и другите надлежни служби | Центар за Интегриран а безбедност, општина Гази Баба | 16.10.2024 | Стручна служба | Сертификат |
| Презентација на резултати од истражувачки проект "Разбирање на влијанието и вредноста на проектните активности за превенција и справување со насилен екстремизам (П/СНЕ) спроведени во училишен контекст во РСМ" | Nexus Граѓански концепт | 25.10.2024 | Педагог Психолог | Сертификат |
| Обука "Справување со меѓуврсничко насилство во училиштата" | Во рамки на проектот "Гази Баба – обединети против насилство!", Институт за економски стратегии и меѓународн и односи Охрид | 28.11.2024 | Наставен кадар македонски јазик и одделенска | Сертификат |
| Промоција на онлајн алатка за превенција и спречување на насилен екстремизам | Отворена порта | 16.12.2024 | Психолог Педагог | Сертификат |
| Обука "Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство – примери на добри пракси" | ЕдуЛаб вебинар, СмартАП – Лабораториј а за социјални иновации | 17.12.2024 | Психолог | Сертификат |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Скопје | | | |
| Едукација за Прв Стандардизиран Психолошки тест за детска популација: Тест на поврзување на точки | Здружение Ас - Анима Психовелнес и Советување | 23.02.2025 , 25.02.2025 | Психолог | Сертификат |
| Примена на асистивната технологија како алатка за поддршка на инклузијата | Здружение за асистивна технологија ,,Отворете ги прозорците,, Општина Гази Баба | 25.11.2024 26.11.2024 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Сертификат |
| Инклузија на ученици со состојби од аутистичен спектар | ОУРС ,,Иднина,, - Скопје | 21.03.2025 | Специјален едукатор и рехабилитатор Наставници од оделенска настава | Сертификат |
| Терапевтски искуства со Томатис методот кај децата со аутистизам низ призмата на една мајка | МНЗА г-ѓа Анабела Димовска | 28. 04. 2025 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Сертификат |

## Работа на стручните органи и тела

Работата на стручните органи и тела се остварува според направената програма. Во текот на полугодието одржани се седници на Одделенскиот совет и на Наставничкиот совет. На седниците на **Одделенскиот совет** беа разгледувани прашања од воспитно – образовната работа во училиштето. Особено се даде акцент на успехот и поведението на учениците и насоките за нивно подобрување.

На седниците на **Наставничкиот совет** покрај разгледувањето на успехот и поведението на учениците беа разгледувани и тековните прашања во врска со организацијата на воспитно – образовниот процес. Овој стручен орган во текот на учебната година ќе работи на полето на:

- организација на воспитно-образовната дејност,
- планирање на воспитно-образовната дејност,
- унапредување на наставата, стручно усовршување на наставниот кадар,

- разгледување на анализи, извештаи и друг вид доставен материјал врзан за реализација на наставно - воспитниот процес во училишето,
- редовно водење на педагошка евиденција и документација

Воедно беа презентирани и сите информации кои беа доставени од МОН и од БРО, како и дискутирано беше по сите прашања во врска со кои наставниот совет требаше да се произнесе во писмена форма кон МОН и БРО.

## СТРУЧНИ АКТИВИ

Во училиштето работат следните активи:

- Стручниот актив на одделенска настава
- Стручниот актив на природно – математичка група предмети
- Стручниот актив на општествено – јазична група на предмети
- Стручен актив на техника, спорт и уметност

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**За работата на стручниот актив за одделенските наставници од I до V одделение за учебна 2024 /2025**

Во текот на целата учебна година Стручниот актив на одделенски наставници заедно со директорот на училиштето и стручната служба педагогот, психологот и дефектолог, одржаа отворени работни средби во учебната 2024/2025 година.

На состанокот одржан во месец јуни беа разгледани и се дискутираше за изминатите активности. Беше избран претседателот на одделенскиот актив- Оливера Јосифовска како и записничар на одделенскиот актив-Биљана Белогаска за учебната 2024/2025. Потоа беше приложена програмата за работа на стручниот актив за следната учебна година. Нагледните часови беа распределени по месеци. Секој наставник избра наставна содржина ги кажа своите цели, времето, содржината, ресурсите и очекуваните ефекти од тој час. Целта на програмата е унапредување на наставата преку примена на современи наставни форми, методи, средства и техники.

На вториот состанок одделенскиот наставник Сунчица Стојковска реализираше отворен час во I одд. по наставниот предмет Македонски јазик, на наставната содржина „Реченица – видови реченици според значењето.

На третиот состанок одделенскиот наставник Елена Максимовска реализираше отворен час во V одд. по наставниот предмет Историја и општество

Психологот Габриела Јакимовска, педагогот Марина Миткова и дефектологот Ивона Величковска на четвртиот состанок на тема: ИЗРАБОТУВАЊЕ НА ПЛАН ЗА РАБОТА И СОРАБОТУВАЊЕ СО СЕМЕЈСТВАТА НА ДЕЦАТА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ преку презентација не запозна најпрвин со чувствата и емоциите на децата и нивното справување кога има негативни блокади и емоции. Беа истакнати и објаснети сите три вида на програми за работа преку примери со деца.

На петтиот состанок реализиран од страна на одделенскиот наставник Билјана Антанасовска на наставниот предмет математика, на тема:Собирање и одземање на броеви до 1 000 000.

На шестиот состанок се разговараше за полугодишниот извештај на работата на Активот на одделенски наставници. Се дадоа и предлози да се реализираат наставни часови со примена на Смарт таблите во наставата со што ќе се овозможи осовременување на наставата.

Отворениот час го одржаа психолог Габриела Јакимовска, педагог Марина Миткова дефектолог-Ивона Величковска кој беше на тема: Соработка со семејствата и локалната заедница. Стручна служба преку презентација не запозна со двонасочна комуникација помеѓу учителите со семејствата и другите членови на заедницата.Подоцна ги споделија и мислењата и истаржувањата на познати педагози и учители како Пејт и Ендрус,. Хендерсон и Мап, Хувер-Демпси и Сандлер, Волберг,и Епстеин кој нуди шест форми на вклучување на членовите на семејствата родителство, комуникација, волонтерство, учење дома, донесување одлуки, соработка со заедницата. Следен состанок по наставниот предмет ликовно образование отворен час одржа одделенскиот наставник Весна Јованова на тема: Печатење - Основи на ликовниот јазик во печатењето (печат, отпечаток, шара, шаблон). По наставниот предмет математика отворен час реализираше одделенскиот наставник Лила Стојковска. На наставната тема: Геометрија и решавање проблеми учениците научија да разликуваат 3Д форми според бројот и видот на страните, бројот на темињата и рабовите.

Наставникот по физичко и здравствено образование Ненад Рајковчевски реализираше отворен час на тема: Спортувам и играм. Учениците се стекнаа со познавања од подвижни игри (елементарни игри, штафетни игри).

На последниот состанок се разговараше за реализацијата на додатна настава, постигнатите резултати од одржаните натпревари, согледувања на добрите страни и евентуални пропусти во планирањето или во реализацијата на програмата. На крај се анализираше и дискутираше за успешноста на реализираните часови и договор за наредната година.

На сите состаноци присуствуваа сите одделенски наставници од I – V одд, психологот-Габриела Јакимовска и директорот на училиштето Елизабета Андова. Според одржаните средби и часови може да се заклучи дека Активот на одделенските наставници во целост го реализира планираното со надеж за уште поуспешни средби.

Претседател на одделенскиот актив

**Оливера Јосифовска**

## Годишен извештај од работата на Стручниот актив на општествено - јазична група на предмети за учебната 2024 /2025

Во текот на целата учебна година Стручниот актив на општествено - јазична група на предмети одржа десет отворени работни средби со предметните наставници од оваа група во учебната 2024/2025 година.

На состанокот одржан во месец август беа разгледани и се дискутираше за изминатите активности.Беше избран одговорен наставник за активот за учебната 2024/2025. Потоа се даваа предлог активности за новата учебна година.

На вториот состанок во месец септември се изработи годишната програма за работа на активот со активности кои се планираат за оваа учебна година.Нагледните часови беа распределени по месеци.Секој наставник избра наставна содржина ги кажа своите цели, времето, содржината,ресурсите и очекуваните ефекти од тој час.

Во месец септември,октомври,ноември и декември, јануари, февруари, март, април, мај и јуни беа одржани нагледни часови по француски јазик, македонски јазик, англиски јазик и историја .Часовите беа посетени и проследени со дискусија. На часовите беа користени компјутери во наставата и други аудио-визуелни помагала,различни форми,методи и техники на работа ,како и различни форми и методи на следење и оценување на напредокот на учениците.

Според одржаните средби и часови може да се заклучи дека Активот на општествено-јазичната група во целост го реализира планираното со надеж за уште поуспешни средби.

Одговорен наставник

**Билјана Оливероска-Трајковска**

**Г О Д И Ш Е Н И З В Е Ш Т А Ј**
**за работата на стручниот актив на техника,спорт и уметност**
**- учебна 2024/25 година –**

Стручниот актив на техника,спорт и уметност во првото полугодие на учебната 2024/25 година работеше според претходно изготвената програма за работа.

Во месец септември се одржа првиот состанок на активот во просториите на ООУ "Наум Охридски" с. Булачани, на кои се изврши разгледување и анализа на постигнатите резултати во претходната учебна година, како и усвојување на програмата за работата на стручниот актив.

Во месец октомври се изврши - Отворен - нагледен час на тема: Атлетика – трчање; Наставна содржина: Штафетно трчање – увежбување – реализиран од наставникот по физичко и здравствено образование Дејан Тупоски.

Во ноември се одржа отворен - нагледен час на тема: Работа со материјали и конструирање - Наставна содржина: Изработка на кутија за пакување на производ–реализиран од наставникот по техничко образование ФросинаЈанакиевска.

Во декември се одржа отворен - нагледен час на тема: Цртање - Наставна единица: Контрастни форми и бои- ( новогодишен мотив декорација) реализиран од наставникот по ликовно образование Виолета Божиновска.

Стручниот актив на техника, спорт и уметност продолжи со својата работа според предходно изготвената програма и во второто полугодие.

Во месец јануари се изврши анализа на полугодишните оцени на учениците по предметите од техника,спорт и уметност и усвојување на извештај за работата на стручниот актив за првото полугодие.

Во месец март се одржа отворен - нагледен час на тема; музичко сценски дела Наставна содржина: Инструментална музика и група на видови инструменти – поделба на видови инструменти реализиран од наставничката по музичко образование Виолета Ѓорѓиевска.

Во месец април се одржа отворен - нагледен час на тема: Моделирање, наставна единица - Моделирање на форми со примена на контраст и се направи увид во извештајот од учество на постојани ликовни изложби во рамките на матичното училиште.

Во месец мај се одржа состанок и отворен час на тема – спортски игри – наставна единица Мини фудбал. Наставна содржина: Применува основни елементи во игра (мини фудбал) од наставникот по Физичко и здравствено образование Ненад Рајковчевски.

Резултати од работата на активот во текот на целата учебна година. Сите состаноци беа реализирани во целост спрема планирањето. Целта поединечна на секој член од активнот беше постигната, како и севкупната цел на стручниот актив. Комуникацијата со учениците се одвиваше непречено, планираните содржини се реализираа во целост на едно задоволително ниво. Согледување

на добрите страни и евентуалните пропусти во планирањето или во реализацијата на програмата.

Одговорен наставник:
**Ненад Рајковчевски**

## Годишен извештај од работата на Стручниот актив на природно - математичка група на предмети за учебната 2024 /2025

Стручниот актив на природно – математичката група предмети во првото полугодие на учебната 2024/25 година работеше според претходно изготвената програма за работа.

Во месец август се одржаа првите состаноци на активот во просториите на ООУ “Наум Охридски” с. Булачани, на кои се изврши разгледување и анализа на постигнатите резултати по природна група предмети во претходната учебна година, како и усвојување на програмата за работата на стручниот актив на природно – математичката група предмети. На состанокот присуствуваа сите членови на стручниот актив. Беше договорен сериозен пристап кон работата и превземање на соодветни одговорности од страна на секој член на активот.

Во месец септември беа планирани консултации и предлози за изработка на сценарија за часови по новата концепција за VII одд. за првото полугодие, но бидеејќи новата концепција не се спроведе во VII – то одделение оваа учебна година, активот се состана и даде конкретни мислења за изработените сценарија од минатата учебна година.

Во месец октомври се изврши - Анализа на наставните програми и утврдување меѓупредметни цели– подготовка за практична примена во наставата. Наставниците од активот во своите годишни и тематски планирања утврдуваат меѓупредметни цели, содржини кои ќе ги искористат во подготовка за нивна практична примена во наставата.

Во ноември се одржа нагледен час со интегрирани цели од најмалку два предмети. Часот го спроведоа наставничката по природни науки Марија Димитрова и наставничката по географија Јована Димовска. Наставна содржина на часот беше ,,Ефектот на стаклена градина и климатски промени ,состав и поделба на атмосферата”.

Во декември се одржа нагледен час со интегрирани цели од најмалку два предмети. Часот го спроведоа наставничката по математика - физика Маја Крстеска и наставничката по математика – физика Марија Сотировска.

Наставна содржина на часот беше ,,Статистичко претставување на резултати од физички експерименти”.

Стручниот актив на природно – математичката група предмети продолжи со својата работа според предходно изготвената програма и во второто полугодие.

Во јануари стручниот актив изврши  анализа на полугодишните оцени на учениците по природната група предмети и усвојување на извештај за работата на стручниот актив за првото полугодие.

Во месец февруари се работеше на разгледување, консултации и предлози за изработените сценарија за часови по новата концепција за VI одд. за второто полугодие.

Во месец март и април, планираната посета на природно – научниот музеј и  посета на ботаничка градина и лабаратории во Природно – математичкиот факултет не беше реализирана поради подготовките за реализираните натпревари на учениците по природната група на предмети.

Во мај месец, планираната посета на планетариумот не беше реализирана поради тоа што учениците посетија планетариум, кој беше организиран од српско астрономско друштво кои беа гости во нашето училиште.

Во месец јуни се изврши согледување на постигнатите резултати од реализираните натпревари. Потоа следуваше анализа на работата во слободните ученички активности и проектни активности. И на крајот се направи анализа на постигнатиот успех на крајот на учебната година и реализација на наставната програма и изработка на извештај за работата на стручниот актив за учебната година.

Одговорен наставник:

**Маја Крстеска**

## Годишен извештај за работата на психологот за учебната 2024/2025 година

Своите работни задачи ги реализираше согласно Годишната програма за работата на училиштето и сопствената годишна програма. Стручната работа на психологот е целосно испланирана по подрачја и по месеци и се реализира преку информативна и советодавна работа со наставниците, учениците и родителите и аналитичко – истражувачка работа.

| Реализирана програмска активност | Цели | Време на реализација | Форми на работа и ресурси | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Работа по изготвена програма за психолог | Унапредување на стручната дејност | Во текот на учебната година | Индивидуална<br>Стручна литература.<br>Програми | Професионален развој |
| Изготвување на месечни планирања | Унапредување на стручната дејност | Во текот на првото полугодие | Индивидуална<br>Програми | Професионален развој |
| Изготвување на програма за ученици со потешкотии во учењето | Унапредување на едукативната дејност | Септември 2024 | Индивидуална<br>Документи и стручна литература | Постигнување на подобри резултати |
| Изготвување на програма за советување на родители | Унапредување на едукативната дејност | Септември 2024 | Индивидуална<br>Документи и стручна литература | Формирање поддршка со поактивно учество на родителите во училишниот живот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Советодавна работа со ученици | Справување со проблеми | Во текот на учебната година | Индивидуална и групна работа со ученици, наставници | Унапредување на бихејвиоралните, емоционалните и социјалните вештини |
| Педагошки мерки за учениците | Справување со проблеми | Во текот на учебната година | Индивидуална и групна работа со ученици, наставници, родители | Коригирање на несоодветно однесување, Унапредување на бихејвиоралните, емоционалните и социјалните вештини |
| Работа со ученици со потешкотии во учењето | Оспособување на учениците, совладување на техники за учење | Во текот на учебната година | Индивидуална и групна работа со ученици, наставници | Постигнување подобри резултати |
| Водење портфолио за напредокот и развојот на учениците | Унапредување на едукативната дејност | Во текот на учебната година | Индивидуално<br><br>Примена на психолошки тестови, цртеж, училишни активности | Постигнување подобри резултати |
| Анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците по првото и третото тримесечје, на полугодие и крај на учебната година | Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните активности | Ноември 2024, Јануари 2025, Март 2025, Јуни 2025 | Наставници, дневник и листи | Утврдување на состојбата |
| Соработка со наставници | Подобрување на квалитетот на наставата и | Во текот на учебната година | Тематско процесни и дневни планирања. Стручна литература | Постигнување подобри резултати |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | надминување на проблеми со ученици и родители | | | |
| Соработка со стручни органи | Подобрување на работата во училиштето | Во текот на учебната година | Одделенски и наставнички совети. Групна работа, стручни активи | Утврдување на состојбата |
| Соработка со родители | Формирање поддршка со поактивно учество на родителите во училишниот живот | Во текот на учебната година | Индивидуална и групна работа со родители | Помош во надминување на проблеми од различен карактер во насока на подобрување на успехот и однесувањето во училиштето |
| Соработка со други институции | Унапредување на едукативната дејност | Во текот на учебната година | Соработка со НВО, МВР, ЗМЗ, МЦСР, БРО, МОН, Сектор за образование на општина Гази Баба, ДПИ | Утврдување на состојбата |
| Учество на работа на секција на психолози - Психовизија | Стручна соработка | Во текот на учебната година | Групна работа, Стручна литература | Развој на стручното искуство |
| Аналитичко истражувачка работа | Согледување на мислењата на учениците за релевантни теми | Во текот на учебната година | Анкетни активности и прашалници од работилници | Увид во размислувањата на учениците за значајни подрачја |
| Посета на наставни часови и советодавна работа со наставниците во реализација на | Давење стручна помош во подготовката и реализацијата на интерактивната | Во текот на учебната година | Образец за следење на наставен час | Утврдување на состојбата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| развојните наставни цели | настава | | | |
| Обука од БРО: “Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима на час” | Унапредување на стручната и едукативната дејност | 26.08.2024 | Презентација, размена на искуства, индивидуална работа и работа во група | Развој на стручното искуство, стекнување со знаења корисни за практичната дејност во училиштето |
| Вебинар за програма на грантови на МОН | Унапредување на едукативната дејност | 16.09.2024 | Презентација, дискусија | Подобрување на работата во училиштето |
| Активности за одбележување на Интернационалниот Ден на менталното здравје | Унапредување на едукативната и практичната дејност, целисходна работа со учениците | 10.10.2024 | Работилници и активности со учениците, дебата, пишување писма, делење пораки | Развој на едукативната и практичната дејност, работа со учениците |
| Реализирање на работилници со ученици и родители според годишниот акциски план за унапредување на менталното здравје | Унапредување на стручната, едукативната и практичната дејност | На месечно ниво во текот на учебната година | Работилници, активности, работни листови, фотографии | Унапредување на менталното здравје кај учениците, соработка со родителите и нивно вклучување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Обука “Превенција на насилство меѓу децата во училиштата и остварување на соработка и комуникација со полицијата и другите надлежни служби” од Центар за Интегрирана безбедност, општина Гази Баба | Унапредување на стручната дејност | 16.10.2024 | Презентација, дискусија, флаери | Развој на стручното искуство, стекнување со знаења корисни за практичната дејност во училиштето |
| Учество во проект “Безбедна сајбер зона” организиран од Ц.С.И. Надеж | Унапредување на стручната дејност | 18.10.2024 | Презентација, дискусија, размена на искуства | Развој на стручното искуство, стекнување со знаења корисни за практичната дејност во училиштето |
| Присуство на презентација на резултати од истражувачки проект “Разбирање на влијанието и вредноста на проектните активности за превенција и справување со насилен екстремизам (П/СНЕ) спроведени во училишен контекст во РСМ” – Од Нексус Граѓански концепт | Унапредување на стручната дејност | 25.10.2024 | Презентација | Развој на стручното искуство, стекнување со знаења корисни за практичната дејност во училиштето, справување со кризни состојби |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Обука во рамки на проектот “Гази Баба – обединети против насилство!” на тема “Справување со меѓуврсничко насилство во училиштата” | Унапредување на стручната и едукативната дејност | 28.11.2024 | Презентација, размена на искуства, дискусија | Развој на стручното искуство, стекнување со знаења корисни за практичната дејност во училиштето, справување со кризни состојби |
| Стекнати знаења од ЕдуЛаб вебинар “Законски обврски, стратегии и примери на добри пракси за заштита и учество на учениците” – СмартАП – Лабораторија за социјални иновации Скопје | Унапредување на стручната и едукативната дејност | 11.12.2024 | Презентација, предавање, прашања и одговори | Развој на стручното искуство, стекнување со знаења корисни за практичната дејност во училиштето, справување со одредени состојби |
| Kick-off настан за претставување на концептот за позитивно родителство – НВО Алтернатива | Унапредување на стручната и едукативната дејност | 13.12.2024 | Размена на искуства, дискусија | Развој на стручното искуство, стекнување со знаења корисни за практичната дејност во училиштето |
| Промоција на онлајн алатка за превенција и спречување на насилен екстремизам – Отворена порта | Унапредување на едукативната и практичната дејност | 16.12.2024 | Презентација на проектот, флаери, дискусија | Развој на едукативното искуство, унапредување на практичната дејност во училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Стекнати знаења од ЕдуЛаб вебинар “Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство – примери на добри пракси” – СмартАП – Лабораторија за социјални иновации Скопје | Унапредување на стручната и едукативната дејност | 17.12.2024 | Презентација, предавање, прашања и одговори | Развој на стручното искуство, стекнување со знаења корисни за практичната дејност во училиштето, справување со одредени состојби |
| Едукација за Прв Стандардизиран Психолошки тест за детска популација: Тест на поврзување на точки | Унапредување на стручната и едукативната дејност | 23.02.2025 и 25.02.2025 | Презентација, предавање, дискусија, едукација за користење на тестот | Развој на стручното искуство, стекнување со знаења корисни за практичната дејност во училиштето, можности за примена на тестот на ученици |

**Психолог**
**Габриела Јакимовска**

## Извештај за работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор за учебната 2024/2025

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор, од предвидените содржини и активности за овој период реализирани се следните активности по подрачја.

**1. Работа со ученици**

- Идентификација на ученици со попреченост и прижање соодветна поддршка, опсервација, разговор, изготвени планови, насоки, препораки за поддршка на учениците во учењето
- Процена на индивидуалните потенцијали на учениците, дефектолошка дијагностика на ученици со попреченост, проценување на индивидуалните способности и потенцијали
- Изработка на програма за општа подршка за учениците со потешкотии во совладување на наставната програма
- Изработка на долгорочнен ИОП за учениците со ПОП, јасно определени јаки и слаби страни на учениците
- Подобрување на психомоторните способности на учениците со ПОП и подобар успех во усвојување на наставните содржини преку индивидуална работа со учениците со попреченост и потешкотии во учењето (вежби за реедукација на психомоторика, вежби за говорно-јазична оспособеност, вежби за подобрување на фина моторика, вежби за внимание и концентрација, вежби за подобрување на когнитивните способности, вежби за подобрување на перцепција, меморија, мислење, помнење)
- Вклопеност на учениците со попреченост во наставата, успешно совладување на целите на наставата
- Следење на напредокот и постигнувањата на учениците со попреченост

**2. Работа со наставници**

- Советодавно – консултативна работа со наставниците за изработка на средночни ИОП и за учениците со ПОП,
- Консултативни средби со наставниците во врска со употреба на соодветни форми, методи и техники на работа со учениците со ПОП
- Инструктивно-советодавна работа со наставниците на учениците со попреченост и потешкотии во учењето и пополнување на потребните обрасци
- Запознавање и примена на специфичните методи на работа со учениците со попреченост, Инструктивно-советодавна работа со наставниците на учениците со попреченост и потешкотии во учењето и пополнување на потребните обрасци
-Советодавно-консултативна работа со наставниците во врска со оценувањето на учениците со ПОП.

**3. Работа со родители**

-Запознавање и упатување на родителите во соодветни институции за решавање на одредени проблеми.

-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со потешкотии во учењето, начини и методи на учење и повторување на стекнатите знаења
-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со посебни образовни потреби, постојана комуникација и подршка на родителите
Работилници со родители

**4. Соработка со заедницата**

- Соработка со основните училишта од о.Гази Баба и пошироко, Размена на сознанија и информации значајни за работата
- Соработка со ОУРЦ Иднина во насока за обезбедување на континуирана поддршка и помош на учениците со ПОП и нивните родителите
-Соработка со образовни здравствени, социјални и други установи и институции кои придонесуваат за постигање на целите и задачите на воспитно -образовниот процес (МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, Црвен крст на СРМакедонија...)
-Соработка со локалната заедница во реализација на заеднички активности;

**5. Професионален развој и професионална соработка**

- Изготвување личен план за професионален развој
- Учество во размена на искуства преку активно учество на Координативни средби на општинските основни училишта од страна на ОУРЦ Иднина
- Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување преку следење на стручна литература
- Учество на онлај работилници;
- Учество на обуки и семинари
- Помош и поддршка на наставницита во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој;
-Помош и поддршка на наставнците за реализација на процесот на инклузија.

**6. Аналитичко-истражувачка работа**

- Анализа на постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава
- Увид и анализа во долгорочниот, среднорочниот и краткорочниот ИОП
- Учество во изготвување годишен и полугодишен извештај за работата на училиштето.
- Изготвување извештаи и анализа од посетените часови во одделенска и предметна настава
- Изготвување на полугодишен / годишен извештај за работата на училиштето

**7. Училишна структура, организација и клима**

- Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/24г.
- Учество во изработка на годишна програма за училишен инклузивен тим;- Планирање и програмирање на сопствената работа
- Координација на изработката на индивидуални образовни планови за учениците со ПОП
- Учество во изготвување програма за работа на училишниот инклузивен тим во својство на координатор

- Следење и вреднување на наставниот процес-посета на часови во паралелки каде има ученик со ПОП

**8.Сопствена евиденција и документација**

-Изготвена годишна програма за сопствената работа;

-Изготвување месечни оперативни планови за работа со конкретизирани активности и содржини

- Водење хронолошки дневник за работа

- Водење на дефектолошко досие и извештаи одиндивидуалната работа со учениците со ПОП

- Водење евиденција од индивидуалната работа со учениците со потешкотии во наставниот процес

-Документација од извршената аналитичко истражувачка работа

**Специјален едукатор и рехабилитатор**
**Ивона Величковска**

## Извештај за работа на училишен инклузивен тим

| **Задачи и цел** | **Креирање на политика за работа со ПОП** | **Евиденција на учениците со попреченост** | **Идентификација и превенција на специфичните пречки во развојот на учениците** |
|---|---|---|---|
| **Активности** | - Формирање на тим за инклузија на учениците со ПОП<br>- Изготвување на годишна програма за работа на тимот<br>- Избор на стратегии за успешна едукација на учениците со ПОП | - Запознавање на УИТ со учениците на кои им е потребна дополнителна помош и поддршка<br>- Разгледување на мислењата и наодите од ЗМЗ и од МКФ | - Примена на инструменти за опсервација и дијагностика<br>- Примена на специјализирани методи за проценка на целокупниот развој на учениците |
| **Време на реализација** | Август | Октомври | Септември - Октомври |
| **Реализатор** | Членови на училишниот инклузивен тим | Членови на училишниот инклузивен тим | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>- Психолог |
| **Ресурси** | Водич за работа на училишниот | Релевантни податоци потребни | Чек листи<br>Листа за опсервација |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | инклузивен тим | за работа на училишниот инклузивен тим | Прашалници<br>Тестови за проценка |
| **Очекувани резултати, исходи и ефекти** | Успешна реализација на планираните активности | Изготвена база на податоци за ученици со ПОП | Навремено и прецизно детектирање на потешкотиите на учениците<br>Намалување на потешкотиите на учениците и нивна успешна инклузија |

| **Задачи и цел** | **Индивидуализирање и прилагодување на наставните содржини на учениците<br>Градење на стратегии за учење преку индивидуален и диференциран пристап** | **Непосредна работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор со учениците со попреченост** | **Поттикнување на социјалниот и емоционалниот развој на учениците со ПОП, како и мотивација на учениците** |
|---|---|---|---|
| **Активности** | - Изработка на индивидуални образовни планови (долгорочни, среднорочни) за учениците си ПОП<br>- Примена на диференциран пристап во работата | - Вежби за поттикнување на психомоторниот развој<br>- Помош при совладување на наставни содржини преку индивид. работа | Разговори со учениците на одд.часови<br>Разговори со родителите на индивидуални средби |
| **Време на реализација** | Октомври | Во текот на годината | Во текот на годината |
| **Реализатор** | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници | Специјален едукатор и рехабилитатор | Специјален едукатор и рехабилитатор, УИТ |
| **Ресурси** | Модели на ИОП<br>аналитички листови<br>стручна литература | -Долгорочен и среднорочен ИОП<br>- Специјализирани дидактички матријали и наставни листови | Развиено чувство на самодоверба, самопочитување и социјални вештини кај учениците со ПОП |
| **Очекувани резултати, исходи и ефекти** | Успешна реализација на наставната програма со сите ученици<br>Повисоки постигања на учениците | Реализација на поставените цели во ИОП<br>Подобрување на целосниот развој на учениците | Вклученост на родителите во образовниот процес<br>Успешна инклузија на учениците со ПОП во редовниот воспитно-образовниот процес |
| **Форма на реализација** | Тимска работа на УИТ | Индивидуална работа | Тимска работа на УИТ |

| Задачи и цел | Изготвување на индивидуални инструменти за утврдување на постигнувањата на учениците со ПОП | Следење на индивидуалните постигнувања на учениците со ПОП после секој квалификационен период |
|---|---|---|
| **Активности** | Утврдување на критериуми за вреднување на постигањата на учениците со ПОП согласно прилагодениот ИОП | Ревизија и дополнување на ИОП<br>Користење на инструменти за следење |
| **Време на реализација** | Во текот на годината | Во текот на годината |
| **Реализатор** | Наставници<br>Специјален едукатор | Училишен инклузивен тим |
| **Ресурси** | Индивидуални инструмени, алатки, тестови | Индивидуални инструмени, алатки, тестови |
| **Очекувани резултати, исходи и ефекти** | Развиени стратегии за користење на индивидуални инструменти и критериуми при вреднување на постигањата на овие ученици | Извршена проценка на ефектите од примена на принципот на индивидуализација и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес со учениците со ПОП |
| **Форма на реализација** | Тимска работа на Училишниот инклузивен тим | Тимска работа на Училишниот инклузивен тим |

| Задачи и цел | Јакнење на капацитетите на наставниците за потребите на учениците со ПОП и за избор и употреба на специфични методи на работа | Унапредување на инклузивната култура и пракса во училиштето |
|---|---|---|
| **Активности** | Спроведување на интерни обуки на наставниците за работа со учениците со ПОП | - Следење на инклузираноста на учениците со ПОП во образовниот процес<br>- Разговор со наставници, родители и ученици |
| **Време на реализација** | Во текот на годината | Во текот на годината |
| **Реализатор** | Училишен инклузивен тим | Специјален едукатор |
| **Ресурси** | Материјали, планирања на наставниците<br>консултации<br>размена на искуства | - Инструменти од посета на часови во паралелки каде има вклучено ученици со ПОП |
| **Очекувани резултати, исходи и ефекти** | Извршена проценка на ефектите од примена на принципот на индивидуализација и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес со учениците со ПОП | Училиште препознатливо по успешната инклузивна култура и пракса<br>Успешна примена на принципот на индивидуализација и диференцијација во наставата со ученици со ПОП |
| **Форма на реализација** | Тимска работа на Училишниот инклузивен тим | Тимска работа на Училишниот инклузивен тим |

**Училишен инклузивен тим**

## Годишен извештај за работата на педагогот за учебната 2024/2025

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на педагогот, од предвидените содржини и активности за овој период реализирани се следните активности по подрачја:

**1. Работа со ученици**

-Идентификување и работа на отстранување на причини за проблемите во учењето, однесувањето и редовноста

-Одржување работилници на тема на врсничко насилство и булинг, ментално здравје техники за учење подршка на учениците.

-Педагошко инструктивна и советодавна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии, социјална неприлагоденост

-Давање помош и поддршка во вклучување на учениците во учество во различни проекти и активности

-Континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образовни потреби во својство на член на инклузивниот тим

-Откривање на ученици со поголеми можности за напредување и развој советодавна работа со овие ученици и следење на нивните постигања

-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичкиот парламент

-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците

**2. Работа со наставници**

-Консултативни средби со наставниците во врска со употреба на современи приоди во наставата (форми, методи и техники) со цел унапредување на наставниот процес

-Советодавно-консултативна работа со наставниците во врска со редовното оценување на учениците

-Педагошко инструктивна и советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик – ученик, ученик-наставник-родител

-Помош и поддршка на наставниците во работата со децата со посебни образовни потреби, соработка со нивните родители и следење на нивните постигнувања.

-Советодавна работа со наставниците за вклучување на надарените ученици во додатна настава и вонннаставни ученички активности , како и мотивирање на истите за учество на натпревари на знаење

-Посета на часови  и пополнување на инструментите од посетата на часовите и  евалуација на дневните  подготовки консултативно советодавна работа по одржување на наставните часови

-Присуство на нагледни часови

-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичката заедница, во соработка со одговорните наставници

-Советодавно- консултативна работа со наставниците при водење на педагошка евиденција и документација

-Дисеминација на обуки со наставничкиот кадар за ментално здравје
-Стручна помош при изготвување на програми за вонnаставни активности и учество во организација и реализација на дел од вонnаставните активности

**3. Работа со родители**

-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со потешкотии во учењето , проблеми со редовноста и дисциплината
-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со посебни образовни потреби
-Запознавање и упатување на родителите во соодветни институции за решавање на одредени проблеми

**4. Соработка со заедницата**

-Соработка со образовни здравствени, социјални и други установи и институции кои придонесуваат за постигање на целите и задачите на воспитно -образовниот процес (МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, Црвен крст на СРМакедонија...)
-Соработка со локалната заедница во реализација на заеднички активности;
-Учество во промоција и презентација на работата на училиштето, како и информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето

**5. Професионален развој и професионална соработка**

-Изготвување личен план за професионален развој
-Учество во размена на искуства преку активно учество во Здружението на педагози на основни училишта на град Скопје "Гласот на педагогот"
-Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување преку следење на стручна литература
-Учество на онлај работилници;
-Учество на обуки и семинари
-Помош и поддршка на наставницита во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој;
-Изготвување инструменти, прибирање податоци и анализа на потребите за професионален развој на наставниците
-Помош и поддршка на наставнците за стручно усовршување и користење стручна литерарура со цел осовременување на наставниот процес
Обука "Превенција на насилство меѓу децата во училиштата и остварување на соработка и комуникација со полицијата и другите надлежни служби
Презентација на резултати од истражувачки проект "Разбирање на влијанието и вредноста на проектните активности за превенција и справување со насилен екстремизам (П/СНЕ) спроведени во училишен контекст во РСМ"
Обука "Справување со меѓуврсничко насилство во училиштата
Промоција на онлајн алатка за превенција и спречување на насилен екстремизам

**6. Аналитичко-истражувачка работа**

-Помош при изготвување извештај и анализа на успехот и поведението на учениците по одржаните одделенски совети на крајот на учебната година.

-Изготвување  извештаи и анализа од посетените часови во одделенска и предметна настава
- Изготвување на полугодишен / годишен   извештај за работата на училиштето
**7. Училишна структура, организација и клима**
-Следење на работата од проектите“ Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ и “Меѓуетничка интеграција во образованието“
-Следење и вреднување на планирањата на наставниот кадар
-Следење и вреднување на наставниот процес (посета на  часови)
-Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација на наставниците
-Следење и давање помош при организација и реализација на задолжителната,додатната  и дополнителната настава
-Следење и учество во организација и реализација на воннаставните активности
-Следење на постапките на оценување на учениците
-Следење на успехот и редовноста на учениците
-Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните активности
-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците
-Следење на интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето;
-Работа на превенција на појавите на насилно однесување во училиштето и превенирање на случаи на дискриминација во училиштето
**8.Сопствена евиденција и документација**
-Изготвена годишна програма  за сопствената работа;
-Изготвување месечни оперативни планови за работа со конкретизирани активности и содржини
-Водење хронолошки дневник за работа
-Водење евиденција од соработка со ученици, наставници, родители и локална заедница
-Водење  педагошки картон за работата на наставниците
-Водење професионално досие на наставниците
-Документација  од извршената аналитичко истражувачка работа

**Педагог:**
**Марина Миткова**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА- МЕДИЈАТЕКА ВО УЧЕБНА 2024/2025

Во текот на учебната 2024/2025год. беа реализирани активности,задачи и содржини кои беа предвивдени со годишната програма на библиотеката за таа учебна год.

1. Воспитно – образовна работа со учениците;
2. Соработка со наставниците, стручните соработници и родителите;
3. Културна и јавна дејност;
4. Библиотечно – информативна и стручна работа;

Беа остварените поставените цели:
- Учениците се оспособуваа за самостојна работа, самообразование и се подготвуваа за перманентно образование;
- Учениците научија како самостојно да користат извори на знаења, да консултираат речници, енциклопедии, лексикони и друг информативен материјал;
- Развиваа култура на читање, творечките потенцијали, критички и самокритички однос ;
- Учениците се поттикнуваа за поактивно учество во културната и јавна дејност на училиштето и општествената средина;
- Беше организирано планско и системско обезбедување на бесплатни учебници и обнова на книжниот фонд;
- Континуирано и системски беше водена пропишаната евиденција, документација, ревизија и заштита на библиотечниот материјал;
- Редовно беше остварувана соработка со наставниците, стручните соработници и родителите како и другите училишни библиотеки на ниво на град Скопје.

| Време на реализација | Реализирани задачи и активности |
|---|---|
| **АВГУСТ-СЕПТЕМВРИ** | 1. Уредување на библиотеката. Изложба на мудри мисли и креации со книги за почеток на учебната година.<br>2. Реализација на акцијата со бесплатните учебници од МОН - потпечатување и делење на новодобиените учебници<br>3. Формирање на нова библиотекарска секција со ученици од 6 и 7 одделение.<br>4. Активности со учениците од библиотекарската секција<br>5. Уредување на инвентарна книга и подготовка за Електронска библиотека. |

| | |
|---|---|
| **ОКТОМВРИ** | 1. Одбележување на празникот 11 Октомври<br>2. Одбележување на празникот 23 Октомври<br>3. Активности со учениците од библиотекарската секција.<br>4. Документација за акцијата со бесплатните учебници од МОН.<br>5. Инвентарна книга – библиотечна дејност, уредување.<br>6. Уредување на библ.пано со ученички творби по повод месецот на книгата |
| **НОЕМВРИ** | 1. Одбележување на роденденот на нашата општина Гази Баба<br>2. Збогатување на книжниот фонд-нарачка на стручна литература (атласи,енциклопедии,глобус,хамери)од П.Дело<br>3. Посета на библиотеката од првачињата со нивните наставнички<br>4. Уредување и класификација на учебниците од акцијата на МОН – магацин.<br>5. Документација за библиотекарство и библиотечна дејност.<br>6. Активности со учениците од библиотекарската секција. |
| **ДЕКЕМВРИ** | 1. Уредување на картотеката на членови во училишната библиотека.<br>2. Библиотекарска секција – часови по библиотекарство и креативни активности.<br>3. Посета на библиотеката од прво одделение со одделенската наставничка.<br>4. Одбележување на празникот Св.Климент Охридски<br>5.Изготвување на полугодишен извештај<br>6. Новогодишни активности со членовите од секцијата<br>7. Попис на библиотечниот фонд и отпис на оштетени и нецелосни книги. |
| **ЈАНУАРИ-ФЕВРУАРИ** | 1.Посета на учениците.на училишн.библиотека-разговор за задачите на библиотеката и библ.секција<br>2.Активности со учениците од библиотекарската секција |

| | |
|---|---|
| **МАРТ** | 1. Развоен план за библиотеката – приоритети, можности за надополнување на книжниот фонд<br>2. Одбележување на празникот 8 Март-избор на најубава песна за мајката<br>3. Одбележување на доаѓањето на пролетта со ученички литературни и ликовни творби<br>4. Уредување на магацинот со учебници и пресметки за тековните електронски апликации и нарачка на бесплатните учебници од МОН.<br>5. Библиотекарска секција – часови за библиотекарството и учење на стандардните класификации. |
| **АПРИЛ** | 1. Почеток на акцијата со бесплатните учебници од МОН.<br>2. Одбележување на светскиот ден на детската книга 2 Април-активности со првачињата<br>3. Донирање на лектирни изданија од ученици<br>4. Активности со ученици од 4 одд.<br>5. Награден литературен конкурс<br>6. Посета на САЕМОТ на книгата – список на книги за набавка во<br>училишната библиотека.<br>7.Активности со учениците од библиотекарската секција. |
| **МАЈ** | 1. Спроведување на акцијата со бесплатните учебници од МОН.<br>2.Посета на САЕМОТ на книгата – список на книги за набавка во училишната библиотека.<br>3.Активности со учениците од библиотекарската секција<br>4.ИКТ- во класификацијата на книжниот фонд, стручна обработка и електронско внесување на книгите од училишната програма според стандардизирани правилници за библиотеки |
| **ЈУНИ-ЈУЛИ** | 1. Спроведување на акцијата со учебниците од МОН, примопредавање, комисија за учебници, отпис на оштетени и плаќање на изгубените учебници.<br>2. Раздолжување на книгите од страна на членовите на училишната библиотека.<br>3. Доделување на дипломи и книги за најзаслужните ученици од училиштето |

| | |
|---|---|
| | 4. Класификација на документација за библиотеки и библиотечно работење.<br>5. Уредување на библиотеката, чистење и заштита на книгите. |

Библиотеката е подредена по азбучен ред,лектири по одд,странски и домашни автори,проза и поезија,белетристика и стручна литература

Библиотекарската секција се состануваше 1 до 2 пати неделно. Членовите учествуваа на конкурси, натпревари, организираа литературни читања, посетуваа саеми и др.библиотеки и помагаа околу грижата за книжниот фонд во библиотеката.

Библиотеката работеше според дадена годишна програма одобрена и заверена од директорот на училиштето.

**Библиотекар: Златка Панчевска**

## Преглед на работата на директорот

Со својата работа директорот на училиштето настојува за што поквалитетна организација и реализација на сите подрачја  во сите воспитно образовни работа во училиштето. Работата на директорот се одвива низ различни подрачја во работата и функционирањето на училиштето. Работата на директорот е заснована врз следниве принципи: научност, интегралност, реалност, современост, селективност, рационализација, конкретизација и развојност.

Содржинските подрачја за работа на директорот се поделени во следниве подрачја:

1. Административно-организациско подрачје
2. Педагошко-инструктивно подрачје
3. Раководење со училиштето
4. Соработка со средината

За реализација на планираните активности со годишната програма за работа на директорот се води уредна педагошка евиденција и документација.

**1.Подрачје: Административно-организациски задачи**

- Распределба на задачи и задолженија на поедини носители: распределба на наставници по предмети и одделенија, стручни активи, одделенски раководства и други задолженија;
- Изработка на задолженија и формирање на комисии и тимови;
- Организација и учество во изработка на нормативни акти;
- Организација на попис на имотот, изработка на пресметки, завршна сметка и реализација на финансискиот план;
- Организирање, реконструкција и адаптација на училишниот простор;
- Набавка на основни средства;
- Донесување мерки за доведување иновации во целокупната работа на училиштето;
- Набавка и тековно одржување на ИКТ опремата;
- Осигурување на имот, осигурување на ученици и вработени;
- Следење и вршење увид во финансиското работење на училиштето;
- Други прашања од организациска проблематика и маријално-финансиски активности.

Со почетокот на учебната година од страна на директорот беше изготвен оперативен наставен план во согласност со позитивните законски прописи. Врз основа на тој план наставниците добија задолженија по предмети и паралелки и ја реализираа воспитно-образовната дејност. Во текот на учебната година се наметна и потреба од формирање на комисии за разни активности: комисија за спроведување на попис , комисија за јавни набавки, комисија за преглед на педагошка евиденција и документација, тимови за изработка на планот за Самоевалуација на училиштето и други комисии и тимови.

За непречено отпочнување на учебната година, навремено беа извршени подготовки, со цел да се задоволат потребите за организација на

наставата. Во трите училишни објекти беа целосно реорганизирани во начинот на работа и функционирање согласно протоколите и куќниот ред во училиштето. Во училиштето во с. Булачани пуштена е во употреба училишната спортска сала и набавени се плакари, шкафчиња и биро за наставниците за во соблекувалните и наставничката канцеларија во училишната спортска сала, набавена е професионална машина за чистење на подови, клима уред за во канцеларијата на стручната служба. Набавени се 15 персонални компјутери, 5 проектори за во училиштата во с. Булачани и с. Црешево и 2 мултифунлционални принтери за потребите на наставата. Заменети се светлосни арматури со лед светла во училиштето во с. Булачани заради заштеда на електрична енергија и зголемување на светлината во училиштето. Поплочен е влезот на училишната спортска сала со павер елементи. Обезбедена е донација на новогодишни пакетчиња за учениците од прво до шесто одделение. Поставен е камен темелник на училишна спортска сала во подрачното училиште во с. Црешево. Целосно молерисани се сите три училишни згради. Поставена е хидрантска мрежа во училиштето во с. Црешево. Набавени се ПП Апарати за сите три училишни згради. Извршени се обуки кај дел од вработените за ракување со ППР апарати и кај учениците од 9то одделение и за Безбедност и обуки за безбедност и заштита при работа. Направени се ППЗ елаборати за сите три училишни згради и План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, Проценка на загрозеност од природни несреќи и Правилник за заштита од пожари и експлозии за објектот на Училишната спортска сала во училиштето во с. Булачани и за истите е побарано Мислење од ПЗС Гази Баба. Проширено и поставено со вештачка трева игралиштето во училишниот двор во с. Црешево. Набавени се лектирни изданија, киниги и стручна литература за потребите на наставата.

Сите овие обновувања и набавки придонесоа за непречено одвивање на учебната година во сосема сменети и оплеменети услови.

Во сите три училишни објекти беа превземени активности околу санација и подобрување на материјалните услови за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес.

**2.Педагошко-инструктивно подрачје**

- Изработка на Годишна програма за работа на училиштето,
- Изработка на Програма за работа на директорот,
- Изработка на Годишна програма за работа на наставничкиот совет,
- Изработка на Годишна програма за работа на одделенскиот совет,
- Планирање и програмирање на увидите на редовната, дополнителната, додатната и изборната настава,
- Координирање и следење на работата при изготвување и реализација на распоредот на часови,
- Изработка на календар за работа на училиштето,
- Изготвување на проекти за санирање на приоритетни проблеми,
- Изготвување на План за професионален развој на наставниците,
- Учество во изработка на Програма за екскурзии,
- Планирање и следење на реализација на самоевалуацијата на училиштето,

- Давање насоки за спроведување активнисти за подобрување на менталното здравје и добросостојба кај учениците и кадарот во училиштето;
- Превземање на мерки за подобрување на процесот за безбедноста, организацијата и состојбата во училиштето;
- Учество на состаноци, советувања и семинари за директори.

Проектот Интеграција на еколошката едукација во воспитно – образовниот систем е имплементиран во наставата согласно барањата на истиот. Исто така се работеше на имплементирање на содржини од проектот Меѓуетничка интеграција во Македонскиот образовен систем. Одржаните часови во рамките на овие проекти беа посетени од страна на директорот,психологот и педагогот на училиштето со задолжително ажурирање на соодветната документација за тоа.

Како и секоја нова учебна година има нов наставен кадар на кого му е неопходна стручна помош и насоки во работата. За таа цел беше назначен наставник-ментор на наставниците - приправници. Работата на менторите со наставниците – приправници се одвива во континуитет и истата е перманентно следена од страна на директорот и по потреба дадени се одредени препораки и сугестии од страна на директорот.

Во текот на оваа учебна година остварена е посета на часови на сите предметни и одделенски наставници. Со наставниците се водеше дискусија за унапредување на воспитно образовната работа и воведување на новитети. При посетите се користеше инструмент за следење на работата на наставниците.

Како една од посеопфатните и покомплицираните подрачја на работата следењето на воспитно-образовната работа и оваа учебна година се изведуваше континуирано од самиот почеток на учебната година низ:

- Следење на планирањата и подготовката на наставниците и стручниот соработник (следење на годишните, тематските и дневните планирања)
- Следење на работата на стручната служба, следење на работата на секретарот, хаусмајсторот, сметководителот, техничкиот персонал;
- Планирање и подготовка на наставниците за реализација на настава;
- Посета на наставни часови;
- Следење, проверување и вреднување на успехот на учениците по класификациони периоди;
- Водење на соодветна евиденција и документација (протокали, евиденциони листови, анкетни листови);
- Следење на процесот на стручно усовршување на кадарот ( присуство на вебинари, семинари, вршење дисеминации, работилници по активи и сл);
- Учество во изработка на програмата за Меѓуетничка интеграција на образованието,,.
- Учество во изработка на програмата за ОХО проектот ;
- Учество во планирањата за проектот„Училишни градини – училница од иднината“;
- Учество во работата на ученичкиот парламент;
- Водење професионално досие за психологот и педагогот на училиштето;
- Учество во водење на педагошки картон на наставниците;

- Укажување инструкции и континуирано следење на електронскиот дневник и ЕМИС во училиштето;
- Континуирано следење на електронскиот дневник, главните книги и целокупната педагошка документација.

**3. Подрачје: Раководење со училиштето**

- Застапување и претставување на училиштето,
- Спроведување на одлуките на органите на училиштетето,
- Следење и спроведување на плановите и програмите на наставниот кадар и стручниот соработник,
- Воведување на нова технологија и новитети,
- Организација, вреднување и надзор на работата на наставниот кадар,
- Следење на примена на ИКТ во наставата.

**Реализација на проекти**

Во текот на оваа учебна година во училиштето се реализираа следниве проекти:

- Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем,
- Меѓуетничка интеграција во образовниот систем.
- Намалување на насилството во училиштата – како да се сменат нештата
- Заедничка грижа за правилно насочување на учениците
- Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта
- „Училишни градини – училница од иднината"
- Градиме заедничка иднина – Проект на МИО во Општина Гази Баба.

**4. Подрачје: Соработка со средината**

